| 103 | 441д | Трошоци за организиран превоз до и од работа (< или = АОП 217 од БУ) | 705 | | |
| 104 | 441д | Надоместоци на ангажирана работна сила преку Агенциите за привремени вработувања (< или = АОП 217 од БУ) | 706 | | |
| 105 | 442 | Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор | 707 | | |
| 106 | 443 | Трошоци за спонзорства (< или = АОП 212 од БУ) | 708 | | |
| 107 | 444 | Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ) | 709 | | |
| 108 | 445д | Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ) | 710 | | |
| 109 | 446 | Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ) | 711 | | |
| 110 | 447д | Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ) | 712 | | |
| 111 | 447д | Придонеси кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ) | 713 | | |
| 112 | 447д | Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ) | 714 | | |
| 113 | 449д | Надомести за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ) | 715 | | |
| 114 | 449д | Надомести на име авторски хонорари (< или = АОП 217 од БУ) | 716 | | |
| 115 | 449 | Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ) | 717 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ Тековна година | Износ Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | V. Останати расходи | | | |
| 116 | 468 | Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ) | 718 | | |
| 117 | 468д | Надоместоци за штети (< или = АОП 222 од БУ) | 719 | | |
| | | VI. Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања | | | |
| 118 | 476 | Вредносно усогласување на долгорочни финансиски пласмани и други хартии од вредност р (= АОП 242 од БУ) | 720 | | |
| | | VII. Дивиденди и други надоместоци на вложувачите | | | |
| 119 | | Исплатени дивиденди | 721 | | |
| | | S. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ | | | |
| 120 | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 722 | 207 | 206 |
| 121 | | Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на | 723 | | |
| 122 | | Број на подружници во кои се врши дејност, без седиштето на субјектот | 724 | | |

32.

**Назив на субјектот:**
Акционерско друштво за производство и промет на вино Винарска визба - ТИКВЕШ експорт импорт АД Кавадарци
**Место:**
Кавадарци
**Матичен број:**
**05275890**

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ

| Класа/ потткласа | Назив | Остварен приход (во денари) |
|---|---|---|
| 11.02 | Производство на вино од грозје | 3,124,252,462 |
| 35.11 | Производство на електрична енергија | 3,193,853 |
| 96.09 | Останати- неспомнати на друго место | 118,570,807 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | 3,246,017,122 |

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## за оданочување на добивка

**ДБ**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Посебен даночен статус | ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови |
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци |
| Телефон | |
| е-пошта | |

Датум и број на прием:

Даночен период

од 01/01/2023 до 31/12/2023

Рок за поднесување: 15/03/2024

Исправка на ДБ: Број

## УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

*"без дени"*

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| I. | **Финансиски резултат во Биланс на успех** | 01 (+) | 297916503 |
| II. | **Непризнаени расходи и помалку искажани приходи за даночни цели (збир од АОП 03 до АОП 39)** | 02 | 179084016 |
| 1. | Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста на субјектот односно не се непосреден услов за извршување на дејноста и не се последица од вршењето на дејноста | 03 | 1389685 |
| 2. | Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ | 04 | 2817451 |
| 3. | Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од ЗДД | 05 | 28418419 |
| 4. | Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон | 06 | |
| 5. | Трошоци за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и трошоци за превоз на лица кои не се документирани | 07 | 8839594 |
| 6. | Трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со закон | 08 | |
| 7. | Трошоци по основ на месечни надоместоци на членови на органи на управување над висината утврдена со закон | 09 | 6489697 |
| 8. | Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над висината утврдена со закон | 10 | |
| 9. | Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над висината утврдена со закон | 11 | |
| 10. | Надоместоци за лица волонтери и за лица ангажирани за вршење на јавни работи над износите утврдени со закон | 12 | |
| 11. | Скриени исплати на добивки | 13 | |
| 12. | Кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди) | 14 | |
| 13. | Трошоци за репрезентација | 15 | 63549998 |
| 14. | Трошоци за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во година | 16 | |
| 15. | Трошоци за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината | 17 | |
| 16. | Трошоци за донации во спортот согласно со членот 30-а од ЗДД | 18 | 350000 |
| 17. | Трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот | 19 | 2445083 |
| 18. | Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени | 20 | |
| 19. | Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник | 21 | 9451451 |
| 20. | Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата | 22 | 43834 |
| 21. | Трошоци за стипендии | 23 | 215422 |
| 22. | Трошоци на кало, растур, крш и расипување | 24 | |
| 23. | Траен отпис на ненаплатени побарувања | 25 | 1433461 |
| 24. | Трошоци за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон | 26 | |
| 25. | Трошоци за практикантска работа над износите пропишани во Законот за практиканство | 27 | |
| 26. | Трошоци за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно | 28 | |
| 27. | Трошоци за амортизација на ревалоризираната вредност на материјални и нематеријални средства | 29 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства која е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки над пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација | 30 | 2221119 |
| 29. | Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи | 31 | |
| 30. | Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања | 32 | |
| 31. | Износ на ненаплатени побарувања од заем | 33 | 32697404 |
| 32. | Износ на позитивна разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакција по трансферна цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по пазарна цена утврдена со принципот на „дофат на рака" меѓу поврзани лица | 34 | |
| 33. | Износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена меѓу поврзани лица | 35 | |
| 34. | Износ на дел од камати по заеми кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица | 36 | 3131568 |
| 35. | Износ на затезни камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице | 37 | |
| 36. | Износ на камати на заеми добиени од содружници или акционери – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот | 38 | |
| 37. | Други усогласувања на расходи | 39 | 15589830 |
| **III.** | **Даночна основа (I+II)** | 40 | 477000519 |
| **IV.** | **Намалување на даночна основа (АОП 42+ АОП 43+ АОП 44+ АОП 45+ АОП 46+ АОП 47+ АОП 48)** | 41 | 186850015 |
| 38. | Износ на наплатени побарувања за кои во претходниот период е зголемена даночната основа | 42 | |
| 39. | Износ на вратен дел од заем за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа | 43 | 960353 |
| 40. | Износ на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица | 44 | 694554 |
| 41. | Износ на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став (1) точки 2), 3-6), 4), 5), 5-а) и 6), од ЗДД, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход | 45 | |
| 42. | Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, оданочени со данок на добивка кај исплатувачот | 46 | 1169318 |
| 43. | Дел од загуба намалена за непризнаени расходи, пренесена од претходни години | 47 | |
| 44. | Износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана добивка) | 48 | 184025790 |
| **V.** | **Даночна основа по намалување (III- IV)** | 49 | 290150504 |
| **VI.** | **Пресметан данок на добивка (V x 10%)** | 50 | 29015050 |
| **VII.** | **Намалување на пресметаниот данок на добивка (АОП 52+АОП 53+АОП 54+АОП 55)** | 51 | 350000 |
| 45. | Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања | 52 | |
| 46. | Износ на данок содржан во оданочени приходи / добивки во странство (withholding tax) до пропишаната стапка | 53 | |
| 47. | Данок кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Македонија но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 54 | |
| 48. | Износ на пресметано даночно олеснување за дадена донација утврдена во согласност со член 30-а од ЗДД | 55 | 350000 |
| **VIII.** | **Пресметан данок по намалување (VI-VII)** | 56 | 28665050 |
| 49. | Платени аконтации на данокот на добивка за даночниот период | 57 | 27292930 |
| 50. | Износ на повеќе платен данок на добивка пренесен од претходните даночни периоди | 58 | |
| 51. | Износ за доплата / повеќе платен износ (АОП 56-АОП 57-АОП 58) | 59 + | 1372120 |
| **IX.** | **ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | |
| 52. | Вкупен износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана) | 60 | 184025790 |
| 53. | Загуби од претходни години за кои правото на покритие во рок од три години не е изминато | 61 | |
| 54. | Остварена загуба намалена за непризнаените расходи од тековната година која може да се пренесе во наредните три години | 62 | |
| 55. | Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот по одредбите од член 30 од ЗДД | 63 | |
| 56. | Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот платен во странство до пропишаната стапка | 64 | |
| 57. | Остварен вкупен приход во годината | 65 | 3246017122 |
| 58. | Вкупни трошоци за донации во годината за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 66 | 120000 |
| 59. | Вкупни трошоци за донации во годината за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 67 | 0 |
| 60. | Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 68 | 462238 |
| 61. | Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 69 | 3614065 |
| 62. | Вкупни трошоци за донација во спорт за која е користено намалување на пресметаниот данок, по член 30-а од ЗДД | 70 | 350000 |

**Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година**

- **Предлог – одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 30.05.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година.

3. Одлука стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**ВИНАРСКА ВИЗБА**
**ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**И**
**ПОСЕБНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА**
**ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА**
**31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

**Скопје, април 2024**

**СОДРЖИНА** Страна


| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Посебни Финансиски извештаи** | |
| Биланс на успех | 3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Извештај за финансиска состојба | 5 |
| Извештај за паричните текови | 6 |
| Извештај за промените во главнината | 7-8 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 9 - 43 |
| **Додатоци** | |
| Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење | |
| Додаток 2- Годишна сметка (Биланс на состојба, Биланс на успех и Извештај за сеопфатна добивка) | |
| Додаток 3- Годишен Извештај за работење | |

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

### Извештај за посебните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените посебни финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2023 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за посебните финансиски извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

MOORE

МУР СТИВЕНС ДОО - Скопје

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, посебните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци заклучно со 31 декември 2023 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и посебните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Скопје, 29 април 2024 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Антонио Велјанов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| | Белешка | 2023 (000) МКД | 2022 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 8 | 3,124,251 | 2,691,946 |
| Дадени попусти и дисконти | 8 | (663,430) | (557,302) |
| **Нето приходи од продажба** | | **2,460,821** | **2,134,644** |
| Трошоци на продадени производи | 9 | (1,198,211) | (1,108,746) |
| **БРУТО ДОБИВКА** | | **1,262,610** | **1,025,898** |
| Останати оперативни приходи | 10 | 119,185 | 101,870 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | 11 | (347,600) | (272,223) |
| Административни расходи | 12 | (175,099) | (157,869) |
| Останати оперативни расходи | 13 | (523,008) | (465,337) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | | **336,088** | **232,339** |
| Приходи (расходи) од финансирање | 14 | (38,172) | (22,302) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **297,916** | **210,037** |
| Данок на добивка | 16 | (28,665) | (26,011) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **269,251** | **184,026** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | 32 | **996** | **680** |

**Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2023 и**

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2,460,821 | 2,134,644 |
| Останати оперативни приходи | 119,185 | 101,870 |
| Промени во залихи на готови производи | 25,496 | 130,398 |
| Суровини и материјали | (1,081,495) | (1,059,533) |
| Амортизација | (126,397) | (111,014) |
| Трошоци за вработени | (251,147) | (221,871) |
| Останати оперативни расходи | (810,375) | (742,155) |
| **Оперативна добивка** | **336,088** | **232,339** |

| | Белешка | 2023 (000) МКД | 2022 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка за периодот** | | **269,251** | **184,026** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | | |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | 19 | 5,779 | 220 |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **5,779** | **220** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **275,030** | **184,246** |

| | Белешка | 2023<br>(000) МКД | 2022<br>(000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 17 | 1,707,682 | 1,363,043 |
| Нематеријални средства | 18 | 9,152 | 8,915 |
| Дадени заеми | 23 | 67,896 | 76,454 |
| Вложувања во подружници | 19 | 112,587 | 112,586 |
| Вложувања расположливи за продажба | 19 | 34,814 | 29,025 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1,932,131** | **1,590,023** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 20 | 1,198,339 | 1,138,287 |
| Побарувања од продажба | 21 | 713,291 | 819,305 |
| Побарувања за дадени аванси | 22 | 182,319 | 42,297 |
| Дадени заеми | 23 | 302,221 | 173,960 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 24 | 84,106 | 35,059 |
| Парични средства | 25 | 17,560 | 30,981 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,497,836** | **2,239,888** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **4,429,967** | **3,829,911** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 26 | 842,962 | 842,962 |
| Премии на емитирани акции | | 169,135 | 169,135 |
| Резерви | | 105,863 | 105,863 |
| Ревалоризациони резерви и друго | | 34,574 | 28,795 |
| Акумулирана добивка | | 1,642,420 | 1,373,169 |
| **Вкупно главнина** | | **2,794,954** | **2,519,924** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити и наеми | 29 | 713,257 | 293,024 |
| Одложени приходи од грантови | 28 | 5,098 | 14,648 |
| Резервирања за судски спорови | 34 в | - | 14,029 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **718,355** | **321,701** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 30 | 552,097 | 669,556 |
| Краткорочни кредити | 31 | 11,398 | 78,471 |
| Тековен дел на долгорочни кредити | 31 | 296,938 | 189,584 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 27 | 56,225 | 50,675 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **916,658** | **988,286** |
| **Вкупно обврски** | | **1,635,013** | **1,309,987** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **4,429,967** | **3,829,911** |

Управниот Одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци на ден 29 април 2024 година ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери за усвојување.

**Претседател на Управен Одбор**
**Светозар Јаневски**

| | Белеш. | 2023 (000) МКД | 2022 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **Добивка пред оданочување** | | **297,916** | **210,037** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација | 17 и 18 | 126,397 | 111,014 |
| Расходи (приходи) од камати, нето | 14 | 37,784 | 20,184 |
| Приходи од отпис на обврски | 10 | (4,202) | (590) |
| Амортизација на грантови | 28 | (11,745) | (3,088) |
| Исправка и отпис на побарувања | 13 | - | 477 |
| Отпис на вредност останати побарувања | 13 | 1,153 | 291 |
| Отпис на вредност на дадени позајмици | 13 | 280 | 1,504 |
| Исправка и отпис на побарувања за дадени аванси | 22 | - | 5,855 |
| Ослободување на резевација | 10 | (14,039) | |
| Капитална загуба ( добивка) од расход на основни средства | 13 | (54) | - |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **433,490** | **345,684** |
| Побарувања од продажба | | 106,014 | (52,008) |
| Побарувања за дадени аванси | | (140,022) | (11,667) |
| Останати тековни средства и АВР | | (50,200) | (11,105) |
| Залихи | | (60,053) | (164,892) |
| Обврски од добавувачи | | (113,257) | 148,739 |
| Останати тековни обврски и ПВР | | 10,833 | 11,357 |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **186,806** | **266,108** |
| Платена камата | | (38,961) | (21,678) |
| Платен данок од добивка | | (31,761) | (22,563) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **116,084** | **221,867** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Приливи (одливи) од купопродажба на вложувања | | (1) | (308) |
| Наплатени (дадени) позајмици, нето | 23 | (119,983) | (50,041) |
| Примени камати | 14 | 16 | 50 |
| Примени дивиденди | 14 | 1,169 | 1,444 |
| Купување на недвижности, постројки и опрема | 17 | (470,451) | (155,192) |
| Купување на лиценци | 18 | (1,340) | (2,068) |
| Продажби на недвижности, постројки и опрема | 17 | 572 | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(590,019)** | **(206,115)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Исплатени дивиденди | | - | - |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | 29 | 527,587 | (103,474) |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | 31 | (67,073) | 78,471 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **460,514** | **(25,003)** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | | **(13,421)** | **(9,251)** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | 25 | **30,981** | **40,232** |
| **Парични средства на крајот од годината** | 25 | **17,560** | **30,981** |

| | Обични акции | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на Акции | Износ | Резерви | Премии на емитир. Акции | Ревалоризационе вишок и објективна вредност | Реинвестирана добивка | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно главнина |
| **Во (000) МКД** | | | | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2022** | 270,450 | 842,962 | 105,863 | 169,135 | 28,575 | 580,864 | 608,279 | 2,335,678 |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | - | - | - | 184,026 | 184,026 |
| Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | 220 | - | - | 220 |
| Останато | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | - | - | 220 | - | 184,026 | 184,246 |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | | | | |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвоено за реинвестирана добивка | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2022** | 270,450 | 842,962 | 105,863 | 169,135 | 28,795 | 580,864 | 792,305 | 2,519,924 |

| | Обични акции | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на Акции | Износ | Резерви | Премии на емитир. акции | Ревалоризационе вишок и објективна вредност | Реинвестирана добивка | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно главнина |
| **Во (000) МКД** | | | | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2023** | 270,450 | 842,962 | 105,863 | 169,135 | 28,795 | 580,864 | 792,305 | 2,519,924 |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | - | - | - | 269,251 | 269,251 |
| Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | 5,779 | - | - | 5,779 |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | - | - | 5,779 | - | 269,251 | 275,030 |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | | | | |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвоено за реинвестирана добивка | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2023** | 270,450 | 842,962 | 105,863 | 169,135 | 34,574 | 580,864 | 1,061,556 | 2,794,954 |

## 1. Основни податоци и дејност

Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт импорт АД - Кавадарци (во понатамошниот текст Друштвото) е настанато со поделба на АД Агрокомбинат ТИКВЕШ ц.о. - Кавадарци на повеќе друштва.

Седиштето на Друштвото е во Кавадарци на ул.8-ми Септември бр.5.

Основна дејност на Друштвото е производство на вина. Работата на Друштвото е организирана преку следните организациони делови:

- Управа на Друштвото;
- Сектор за производство;
- Сектор за комерцијално и маркетиншко работење;
- Финансов сектор и
- Одделение за општи и правни работи

Вкупниот број на вработени во Друштвото со 31 декември 2023 година изнесува 207 вработени (2022: 206 вработени).

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи

### 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 43, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2023 и 2022 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.
Финансиските извештаи за годините кои завршуваат на 31 декември 2023 и 2022 година ги презентираат финансиската состојба, резултатите од работењето, паричните текови и промените на капиталот само на матичното друштво ВВ Тиквеш АД Скопје.

Друштвото има доминантно учество во капиталот на Винојуг ДООЕЛ од Гевгелија, Машински Сервис ДООЕЛ од Кавадарци, Тиквеш-Вински туризам ДООЕЛ од Кавадарци, ВВ Тиквеш Продаја Загреб, Вински Клуб ДООЕЛ Скопје и М-6 Тиквеш ДОО од Белград. Вложувањата во овие друштва се прикажани како вложувања во подружници (Белешка 19). Подружницата Винојуг ДООЕЛ е основана во текот на 2011 година, подружницата Машински Сервис ДООЕЛ е основана во 2013 година, подружницата Тиквеш-Вински туризам ДООЕЛ е основана во 2014 година, а доминантното учество во капиталот во подружницата М-6 Тиквеш ДОО од Белград е стекнато во 2014 година. Во 2018 година е основана нова подружница ВВ Тиквеш Продаја Загреб. Во 2021 година е основана нова подружница Вински Клуб ДООЕЛ Скопје, чиј капитал е уплатен во текот на 2022 година.

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

### 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи (Продолжение)

Друштвото подготвува и издава консолидирани финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 и 2022 година во кои извештаи се вклучени и подружниците.

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (Белешка 3.12) и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност (Белешка 3.11).

### 2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

### 2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

### 3.1. Приходи од продажба

*Продажба на производи и стоки*

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

*Обезбедување на услуги*

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

### 3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

### 3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2023 и 2022, се следните:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР = | 61.4950 МКД | 61.4939 МКД |
| 1 ЦХФ = | 66.4093 МКД | 62.4938 МКД |
| 1 УСД = | 55.6516 МКД | 57.7462 МКД |

### 3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица (2022: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2022: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 16.

### 3.6. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.7. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, денарски депозити по видување и орочени депозити со рок на достасување до три месеци.

### 3.8. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

### 3.9. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци на набавка, трошоците за конверзија и сите други трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба со користење на трошочната формула на просечни цени. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

### 3.10. Вложувања во подружници

Вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Друштвото поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во други друштва. Вложувањата во подружници се евидентирани во финансиските извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност, намалени за евентуалните обезвреднувања на вредноста.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.11. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.
Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината односно во останатата сеопфатна добивка, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

### 3.12. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

*(1) Општа објава*

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.
Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.
Согласно параграф 17 од објавениот МСС 8 - Сметководствените политики, промени на сметководствени проценки и грешки, ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.12. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

*(2) Амортизација*

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2023 година во однос на 2022 година се следните:

| | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Недвижности | 2.5-10 % | 2.5-10 % | 10-40 години | 10-40 години |
| Постројки и опрема | 10 % | 10 % | 10 години | 10 години |
| Возила | 10-25 % | 10-25 % | 4-10 години | 4-10 години |
| Компјутерска опрема | 25 % | 25 % | 4 години | 4 години |
| Канцелариски мебел | 20 % | 20 % | 5 години | 5 години |

### 3.13. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека иститe се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

### 3.14. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

### 3.15. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната амортизирана набавна вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

### 3.16. Капитал

*(1) Основна главнина*

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

*(2) Законски резерви*

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

*(3) Ревалоризациона резерва*

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 3.12. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

### 3.17. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

*(1) Краткорочни користи за вработените*

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

*(2) Користи по престанок на вработувањето*

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

### 3.18. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

### 3.19. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат. Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

## 4. Финансиски ризици и управување со истите

| 49 | - - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 12.548.389,00 | | | 11.036.503,00 |
| 50 | - - Побарувања од вработените | 3.660.975,00 | | | 4.473.393,00 |
| 51 | - - Останати краткорочни побарувања | 48.656.268,00 | | | 1.626.265,00 |
| 52 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058) | 254.065.203,00 | | | 139.896.020,00 |
| 57 | - - Побарувања по дадени заеми | 253.438.044,00 | | | 133.337.020,00 |
| 58 | - - Останати краткорочни финансиски средства | 627.159,00 | | | 6.559.000,00 |
| 59 | - - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061) | 27.023.781,00 | | | 91.511.484,00 |
| 60 | - - Парични средства | 27.023.781,00 | | | 91.511.484,00 |
| 62 | - - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 47.476.275,00 | | | 29.129.482,00 |
| 63 | - - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062) | 4.481.576.447,00 | | | 3.910.324.792,00 |
| 65 | - - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078) | 2.577.981.675,00 | | | 2.336.129.630,00 |
| 66 | - - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 842.961.911,00 | | | 842.961.911,00 |
| 67 | - - II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ | 169.134.761,00 | | | 169.134.761,00 |
| 70 | - - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 34.575.018,00 | | | 28.796.137,00 |
| 71 | - - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074) | 105.867.082,00 | | | 105.527.014,00 |
| 72 | - - Законски резерви | 105.867.082,00 | | | 105.527.014,00 |
| 75 | - - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 1.398.258.620,00 | | | 1.199.019.994,00 |
| 76 | - - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 208.932.349,00 | | | 202.037.558,00 |
| 77 | - - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 236.116.632,00 | | | 192.727.371,00 |
| 81 | - - Б. ОБВРСКИ (082+085+095) | 1.873.413.360,00 | | | 1.522.618.320,00 |
| 85 | - - II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093) | 1.010.194.854,00 | | | 482.607.740,00 |
| 87 | - - Обврски спрема добавувачи | 77.838.023,00 | | | 42.058.947,00 |
| 90 | - - Обврски по заеми и кредити | 932.356.831,00 | | | 440.548.793,00 |
| 95 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108) | 863.218.506,00 | | | 1.040.010.580,00 |
| 96 | - - Обврски спрема поврзани друштва | 1.833.693,00 | | | 2.162.725,00 |
| 97 | - - Обврски спрема добавувачи | 769.115.253,00 | | | 883.028.649,00 |
| 98 | - - Обврски за аванси, депозити и кауции | 31.931.180,00 | | | 29.265.048,00 |
| 99 | - - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати | 6.606.575,00 | | | 5.933.211,00 |
| 100 | - - Обврски кон вработените | 14.340.230,00 | | | 13.128.142,00 |
| 101 | - - Тековни даночни обврски | 12.243.099,00 | | | 13.744.419,00 |
| 104 | - - Обврски по заеми и кредити | 11.398.000,00 | | | 78.471.000,00 |
| 105 | - - Обврски по хартии од вредност | 12.891.919,00 | | | 14.096.386,00 |
| 107 | - - Останати финансиски обврски | 7.673,00 | | | |
| 108 | - - Останати краткорочни обврски | 2.850.884,00 | | | 181.000,00 |
| 109 | - - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР) | 30.181.412,00 | | | 51.576.842,00 |
| 111 | - - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ | 4.481.576.447,00 | | | 3.910.324.792,00 |

| | (065+081+094+109+110) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206) | 3.295.315.870,00 | | | 2.902.391.320,00 |
| 202 | - - Приходи од продажба | 3.157.368.800,00 | | | 2.784.313.746,00 |
| 203 | - - Останати приходи | 137.947.070,00 | | | 118.077.574,00 |
| 204 | - - Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината | 944.826.307,00 | | | 814.428.812,00 |
| 205 | - - Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината | 970.323.725,00 | | | 944.826.307,00 |
| 207 | - - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222) | 3.018.037.670,00 | | | 2.790.107.125,00 |
| 208 | - - Трошоци за суровини и други материјали | 1.189.847.474,00 | | | 1.218.924.882,00 |
| 209 | - - Набавна вредност на продадените стоки | 66.520.640,00 | | | 121.239.474,00 |
| 210 | - - Набавна вредност на продадените материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 688.709.664,00 | | | 502.931.657,00 |
| 211 | - - Услуги со карактер на материјални трошоци | 309.059.299,00 | | | 231.889.866,00 |
| 213 | - - Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 244.326.499,00 | | | 204.745.326,00 |
| 214 | - - Плати и надоместоци на плата (нето) | 147.391.717,00 | | | 119.082.599,00 |
| 215 | - - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 13.883.685,00 | | | 10.614.859,00 |
| 216 | - - Придонеси од задолжително социјално осигурување | 62.734.107,00 | | | 51.385.339,00 |
| 217 | - - Останати трошоци за вработените | 20.316.990,00 | | | 23.662.529,00 |
| 218 | - - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 129.695.951,00 | | | 114.398.453,00 |
| 220 | - - Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства | 1.838.203,00 | | | 8.127.375,00 |
| 222 | - - Останати расходи од работењето | 388.039.940,00 | | | 387.850.092,00 |
| 223 | - - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233) | 2.907.685,00 | | | 3.623.639,00 |
| 229 | - - Приходи од вложувања во неповрзани друштва | 1.169.318,00 | | | 1.444.296,00 |
| 230 | - - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 15.756,00 | | | 485.430,00 |
| 231 | - - Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 1.722.611,00 | | | 1.693.913,00 |
| 234 | - - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243) | 40.843.543,00 | | | 25.107.832,00 |
| 239 | - - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 38.973.678,00 | | | 21.920.092,00 |
| 240 | - - Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 1.869.865,00 | | | 3.187.740,00 |
| 246 | - - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245) | 264.839.760,00 | | | 221.197.497,00 |
| 250 | - - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249) | 264.839.760,00 | | | 221.197.497,00 |
| 252 | - - Данок на добивка | 28.723.128,00 | | | 28.470.126,00 |
| 255 | - - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254) | 236.116.632,00 | | | 192.727.371,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 257 | - - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 249,00 | | | 240,00 |
| 258 | - - Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 12,00 | | | 12,00 |
| 259 | - - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД | 236.116.632,00 | | | 192.727.371,00 |
| 260 | - - Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво | 236.116.632,00 | | | 192.727.371,00 |
| 269 | - - Добивка за годината | 236.116.632,00 | | | 192.727.371,00 |
| 271 | - - Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) - (274+276+278+280+282+284) | 5.778.880,00 | | | 208.250,00 |
| 275 | - - Добивки од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба | 5.778.880,00 | | | 220.250,00 |
| 284 | - - Удел во останата сеопфатна загуби на придружени друштва (само за потреби на консолидација) | | | | 12.000,00 |
| 286 | - - Нето останата сеопфатна добивка (271-285) | 5.778.880,00 | | | 208.250,00 |
| 288 | - - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270) | 241.895.512,00 | | | 192.935.621,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 606 | - - Сегашна вредност на компјутерскиот софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 004 од БС) | 1.217.626,00 | | | 2.112.005,00 |
| 609 | - - Земјишта | 58.849.431,00 | | | 37.264.686,00 |
| 612 | - - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС) | 963.341.598,00 | | | 800.818.600,00 |
| 625 | - - Заеми и кредити дадени на нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата(< или =АОП 024+АОП 025+АОП 032+АОП 033+АОП 034+АОП 046+АОП 047+АОП 056+АОП 057+АОП 058 ОД БС) | 174.339.722,00 | | | 173.959.438,00 |
| 629 | - - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС) | 12.548.389,00 | | | 1.085.298,00 |
| 631 | - - Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС) | 842.961.911,00 | | | 842.961.911,00 |
| 638 | - - Останати обврски кон органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 099+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС) | | | | 99.472,00 |
| 643 | - - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар (< или = АОП 202 од БУ) | 1.417.249.188,00 | | | 1.201.788.327,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 644 | - - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на странски пазар (< или = АОП 202 од БУ) | 1.740.119.612,00 | | | 1.582.525.419,00 |
| 663 | - - Приходи од поранешни години (< или = АОП 203 од БУ) | | | | 34.842,00 |
| 669 | - - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ) | 10.057.904,00 | | | 24.045.791,00 |
| 671 | - - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ) | 1.302.016,00 | | | 1.408.728,00 |
| 672 | - - Трошоци за амбалажа (< или = АОП 208 од БУ) | 395.080.263,00 | | | 349.251.600,00 |
| 673 | - - Униформи-заштитна облека и обувки (< или = АОП 208 од БУ) | 1.199.328,00 | | | 1.902.684,00 |
| 674 | - - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ) | 7.698.008,00 | | | 4.130.150,00 |
| 675 | - - Вода (< или = АОП 208 од БУ) | 5.876.458,00 | | | 5.758.275,00 |
| 676 | - - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ) | 22.403.177,00 | | | 53.389.408,00 |
| 677 | - - Потрошени енергетски горива (< или = АОП 208 од БУ) | 15.301.198,00 | | | |
| 678 | - - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ) | 12.818.073,00 | | | 30.536.739,00 |
| 679 | - - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ) | 2.975.597,00 | | | 2.939.306,00 |
| 680 | - - Транспортни услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 8.608.817,00 | | | 11.590.452,00 |
| 681 | - - Транспортни услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ) | 6.080.414,00 | | | 6.130.954,00 |
| 682 | - - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 1.686.204,00 | | | 5.391.558,00 |
| 686 | - - Наемнини за деловни простории во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 9.795.228,00 | | | 10.987.207,00 |
| 687 | - - Наемнини за опрема (< или = АОП 211 од БУ) | 1.930.565,00 | | | 12.368.616,00 |
| 695 | - - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ) | 7.626.000,00 | | | 7.217.028,00 |
| 698 | - - Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ) | 20.316.990,00 | | | 14.047.019,00 |
| 722 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 258,00 | | | 248,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2081 | - 11.02 - Производство на вино од грозје | 3.157.368.800,00 | | | |
| 2611 | - 96.09 - Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место | 140.854.755,00 | | | |

**Потпишано од:**

Olivera Stavrova

CN=Makedonski Telekom CA, O=Makedonski

Telekom, C=MK
Makedonski Telekom CA

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Годишен извештај за 2023 година

**Годишен извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година**

- **Предлог – одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 30.05.2024 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето
на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година.

2. Составен дел на Одлуката е Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година.

3. Одлука стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

TIKVEŠ

SINCE 1885

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2023

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 4

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР ..... 4

ПОРАКА ОД ФИНАНСИСКИОТ ДИРЕКТОР ..... 5

ПОРАКА ОД ГЛАВНИОТ ЕНОЛОГ ..... 6

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ..... 6

ЗА КОМПАНИЈАТА ..... 7

Органи на управување ..... 7

ПРОФИЛ НА КОМПАНИЈАТА ..... 9

2023 КЛУЧНИ ФАКТИ ..... 10

МИСИЈА ..... 10

ВИЗИЈА ..... 11

ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ ..... 11

ГЛАВНИ ОСТВАРУВАЊА ..... 12

ПРОИЗВОДСТВО ..... 14

ФИНАНСИСКИ ПЕРФОРМАНС И КЛУЧНИ МЕТРИКИ ..... 16

СИНЏИР НА НАБАВКИ И ЛОГИСТИКА ..... 17

Синџир на снабдување ..... 17

ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ..... 20

ПРОЕКТ-МЕНАЏМЕНТ ..... 20

КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ..... 22

ISO-сертификати ..... 24

ИЗВЕШТАИ ..... 26

ИНДИКАТОРИ НА ОСТВАРУВАЊЕ ..... 26

Континуиран раст на продажби со исклучок на периодот на пандемијата ..... 26

Структура во полза на категориите со повисока додадена вредност ..... 27

Зголемена ефикасност во користење на средствата на компанијата ..... 29

МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖНИ АКТИВНОСТИ ..... 33

НОВИ ПРОИЗВОДИ И ПАКУВАЊА ..... 35

ПРОДАЖНИ АКТИВАЦИИ И ПРОМОЦИИ ..... 38

УГОСТИТЕЛСТВО ..... 39

НАСТАП НА МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ САЕМИ И НАСТАНИ ..... 42

ПРИСУСТВО НА НАСТАНИ ВО С. МАКЕДОНИЈА ..... 43

СПОНЗОРИРАНИ НАСТАНИ И ПРОЕКТИ ........ 44
НАСТАНИ НА „ТИКВЕШ“ ........ 47
ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНОВАЦИИ И ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА ........ 48
ДИГИТАЛНИ МАРКЕТИНГ-АКТИВНОСТИ ........ 51
НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА ........ 51
ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ........ 52
ВВ „ТИКВЕШ“ ЧЕКОРИ НАПРЕД ........ 53
Финансиски извештаи ........ 55
Прилог бр. 1 Членови на Управниот одбор на ВВ „Тиквеш“ АД – Кавадарци во 2023 година ........ 61
Прилог бр.2 членови на Надзорен одбор на ВВ –Тиквеш АД – Кавадарци во 2023 година ........ 65
Прилог бр. 3 Изјава по член 384-а од Закон за трговски друштва ........ 68
Прилог бр. 4 Изјава за усогласеност со кодексот за корпоративно управување ........ 69

# ВОВЕД

## ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Завршувајќи уште една успешна година, ми претставува задоволство да го претставам Годишниот извештај на Винарската визба „Тиквеш“. Како претседател на Управниот одбор, имав можност да посведочам за издржливоста, решителноста и непоколебливата посветеност на нашиот тим кон извонредност во средина што брзо се менува.

2023 година донесе предизвици, вклучувајќи и висока инфлација и структурни прашања, прекини во синџирот на снабдување и притисоци врз животната средина, како и берба што не ги исполни нашите очекувања за обезбедување на потребното количество грозје.

И покрај овие пречки, нашиот капацитет да се приспособиме, да иновираме и да му дадеме приоритет на растот не само што ни овозможи да се справиме со овие предизвици, туку и нè поттикна да одиме уште понапред. Оваа година, завршувајќи ги последните фази од нашите проекти, горд сум што можам да истакнам значителни чекори во напредокот постигнат со воведувањето на географските ознаки и стандардите за македонското вино.

Со поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), како претседател на здружението „Вина од Македонија“, ми беше чест да бидам сведок на развојот на робустен систем за заштитени географски ознаки, усогласен со земјоделската политика на ЕУ. Оваа иницијатива ги подобри техничките и организациски сили на македонскиот вински сектор, гарантираше постојан квалитет на грозјето и ја охрабри соработката меѓу лозарите, производителите и јавните институции. Очекуваме да го обелодениме првиот извештај во 2024 година, значаен момент во нашето трансформативно патување.

Посветеноста на Винарската визба „Тиквеш“ на еколошката одржливост продолжи во 2023 година со нашите напори за усогласеност со стандардите за заштита на животната средина, влијанието во општеството и корпоративното управување (ESG-стандардите). Придржувајќи се до стандардите на Меѓународните винарници за климатска акција (International Wineries for Climate Action – IWCA), на пат сме да постигнеме нето-нула емисии на јаглерод до 2050 година. Иако се соочуваме со предизвици, особено во доменот на управување со лозјата, ние сме оптимисти за нашиот иден напредок. Првото издание на нашиот ESG-извештај, во кој се детализирани нашите достигнувања во 2023 година, е закажано за првата половина на 2024 година, означувајќи клучен скок во нашите иницијативи за одржливост.

И во текот на 2023 година „Тиквеш“ ги продолжи поддршката и соработката со лозарите, а во рамките на заложбата за поддршка на целокупната индустрија, вклучувајќи ги и останатите винарници, воспоставивме партнерство со „Винарија Попов“ за лансирање на вината „Vršnik“. Овој нов додаток на колекцијата *Tikveš Châteaux & Domaines* ја истакнува нашата долгорочна определба да ја славиме уникатноста на нашите тероари и да трагаме по локации за производство на исклучително вино.

На крајот, мојата срдечна благодарност ја упатувам до нашите акционери, партнери и вработени за нивната непоколеблива поддршка и посветеност. Обединети, ги надминавме пречките и излеговме посилни. Гледајќи напред, возбуден сум за можностите што претстојат додека ја продолжуваме нашата традиција на извонредност во производството на вино и се стремиме да направиме трајно, позитивно влијание врз нашата индустрија, заедница и животна средина.

Светозар Јаневски

Претседател на Управниот одбор

## ПОРАКА ОД ФИНАНСИСКИОТ ДИРЕКТОР

Во 2023 година, Винарската визба „Тиквеш“ се движеше низ сложениот финансиски пејзаж со извонредна издржливост и успех. Наспроти опкружувањето исполнето со глобални економски предизвици, геоекономски тензии, општествени поделби и зголемена инфлација, нашата компанија одржа силно финансиско здравје, што укажува на нашата посветеност на раст и стабилност.

Изминатава година за одбележување беа финансиските достигнувања на ВВ „Тиквеш“. Нашите вкупни приходи се зголемија за 16,1 %, првенствено поттикнати од зголемената продажба на странскиот пазар. Нето-добивката пред оданочување се зголеми за 41,8 %, а EBITDA порасна за 34,8 %, покажувајќи значителна профитабилност и оперативна ефикасност. Компанијата, исто така, ја зајакна вредноста за акционерите преку внимателно управување со капиталот, подобрување на приносите на средствата и користениот капитал, додека одржуваше здрави нивоа на долг и солидна стапка на самофинансирање.

Иако направивме значителни инвестиции, имаше скромно опаѓање во метриката на ликвидноста. Сепак, го рафинираме нашиот циклус на конверзија на готовина, демонстрирајќи подобрено управување со средствата. Финансиската цврстина на ВВ „Тиквеш“, дури и во тешки пазарни услови, е доказ за нашата силна издржливост.

Стратешкиот акцент на поддршката на нашите лозари со брзи плаќања за висококвалитетно грозје придонесе за овој успех. Во 2023 година завршивме 80 % од исплатите за 22,2 милиони килограми грозје пред предвидените законски рокови за исплата на грозјето, што е доказ за нашата посветеност кон локалниот земјоделски сектор.

Во иднина, ВВ „Тиквеш“ ќе продолжи да ги усовршува своите финансиски стратегии и да ја одржува стабилноста. Централно место во нашиот пристап има негувањето трајни, корисни партнерства со нашите добавувачи. Посветени сме на плаќањето врвни цени за исклучителен квалитет, одржувајќи ги нашите високи стандарди за производство на вино. Со инвестирање во врвни суровини и зајакнување на овие партнерства, ВВ „Тиквеш“ е добро позиционирана за одржлив успех и обезбедување вредност за засегнатите страни.

Би сакал да изразам благодарност за непоколебливата поддршка и оптимизам за нашиот капацитет да создадеме одржлива вредност за нашите акционери и партнери и во иднина.

Јане Јаневски

Финансиски директор

## ПОРАКА ОД ГЛАВНИОТ ЕНОЛОГ

Како главен енолог во „Тиквеш", задоволство ми е да реферирам за нашиот напредок и достигнувањата во изминатата година. И покрај значителното намалување од 31 % на откупот на грозје во 2023 година, нашата посветеност за производство на висококвалитетни, врвни вина никогаш не беше доведена во прашање. Ги задржавме нашите исклучителни стандарди и се погриживме, и покрај предизвиците, да опстојува извонредноста.

Непредвидливите метеоролошки услови во 2023 година нанесоа значителна штета на нашите лозови насади, што доведе до пад на приносот од 60 до 70 проценти поради дождовите и болестите. Како одговор на овие тешкотии, Винарската визба „Тиквеш" усвои иновативни стратегии за да се спротивстави на ефектите од овој намален принос. Ги интензивиравме нашите техники за управување со лозовите насади и ги удвоивме нашите заложби во истражувањето и развојот за да ја подобриме нашата отпорност на климатски предизвици.

Искористувајќи го нашето длабоко знаење за одржливо лозарство, ние се приспособуваме и напредуваме, и покрај овие еколошки промени. Се впуштивме во значителна модернизација во рамките на нашето работење.

Под мое раководство, нашиот посветен тим го водеше развојот на нови лозови насади и стратешкото и оперативното управување со постојните. Нашата цел беше да го усогласиме растот на нашите лозарски капацитети со севкупниот развој на „Тиквеш", обезбедувајќи одгледување сорти грозје што ги задоволуваат потребите на нашето растечко винско портфолио.

Марко Стојаковиќ

Главен енолог

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Согласно определбата за транспарентност кон своите засегнати страни, ВВ „Тиквеш" во континуитет објавува годишен извештај, обезбедувајќи интегриран преглед на финансиските перформанси на винарницата и на другите суштински аспекти од работењето. Извештајот ги истакнува материјалните, економските, еколошките и социјалните последици од деловните активности на ВВ „Тиквеш" за времетраење од 1 јануари до 31 декември 2023 година.

Извештајот е изработен во согласност со стандардите утврдени во Законот за трговските друштва и во други релевантни домашни и меѓународни регулативи. Делови од овој извештај вклучуваат информации добиени врз основа на проекции, процени и анкети изготвени од тимот на „Тиквеш" или од трета страна. Иако сите информации содржани во него беа подготвени со користење на тековното знаење и разбирање и со добра волја, постојат инхерентни ризици и

несигурности што може да предизвикаат реалните резултати во иднина да отстапат од проекциите.

Факторите на ризик вклучуваат висока инфлација, нарушување на глобалните синџири на снабдување, временските услови што директно влијаат врз бербата и променливата природа на глобалната геополитичка динамика, вклучувајќи ја тековната војна во Украина. Отворени сме за повратни информации во однос на овој извештај преку е-пошта на contact@tikves.com.mk. Кон овој извештај може да се пристапи во секое време на www.tikves.com.mk/annual_reports. За повеќе информации за ВВ „Тиквеш", посетете ја нашата веб-страница на www.tikves.com.mk/en.

# ЗА КОМПАНИЈАТА

## Органи на управување

Органи на управување на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци се:

1. Собрание на акционери
2. Надзорен одбор
3. Управен одбор

Орган на раководење во Друштвото е Генералниот директор – член на Управниот одбор.

ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седуммина) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (петмина) членови, од кои 2 (двајца) членови се независни членови во Надзорниот одбор.

Собранието на акционери го сочинуваат сите сопственици на акции.

Во 2023 година е одржана една седница, и тоа Годишно собрание на акционерите, каде што беа разгледувани материјали и извештаи од работењето на Друштвото, при што донесени се следниве одлуки: Одлука за усвојување на завршната сметка за резултатите во работењето на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци, Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани и Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци за 2022 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци за 2022 година, Одлука за усвојување на Годишниот извештај за резултатите од работењето на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци во 2022 година, Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци во 2022 година, Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци за 2022 година, Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Управниот и Надзорниот одбор на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци во 2022 година и Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци за 2023 година.

Надзорниот одбор е орган што врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Во текот на 2023 година, Надзорниот одбор одржа 7 седници. На седниците, членовите на Надзорниот одбор ги разгледуваа генералното работење на друштвото, финансиските резултати, како и низа поважни прашања што, според Статутот на ВВ „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци и Законот за трговските друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија, се во надлежност на Надзорниот одбор. Деталниот преглед на активностите на Надзорниот одбор е опфатен во Извештајот за работа на Надзорниот одбор за 2023 година.

Управниот одбор, согласно Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци и Законот за трговските друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија, во надлежност го има менаџирањето и носењето на одлуки во друштвото од суштинско значење за неговото работење. Во текот на 2023 година, Управниот одбор има одржано 18 седници на кои беа водени низа дискусии и беа донесени голем број одлуки и заклучоци за работењето на друштвото. Беа дискутирани финансиските резултати од работењето во 2022 и 2023 година и во континуитет се следеше ликвидноста на друштвото. Исто така, Управниот одбор ги одобри концептот и основите на бизнис-планот на друштвото за 2023 година. Деталниот преглед на активностите на Управниот одбор е опфатен во Извештајот за работа на Управниот одбор за 2023 година.

Донесените одлуки и насоки за работењето на друштвото се базираат врз професионални и етички норми во духот на одговорното корпоративно управување. Членовите на Надзорниот одбор имаат долгогодишно искуство на извршни функции што придонесува за избалансирани, сигурни и квалитетни бизнис-одлуки во однос на надзорот, управувањето и раководењето на друштвото. Сите членови на Управниот одбор имаат богато професионално искуство и знаење што ги пренесуваат и ги практикуваат при носењето клучни деловни политики во раководењето со ВИНАРСКА ВИЗБА „ТИКВЕШ" АД – Кавадарци. Присуството на седниците на членовите на Надзорниот и Управниот одбор во работењето и одлучувањето на седниците на органите е задоволително.

**Управен одбор**
Светозар Јаневски – Претседател
Љупчо Крстевски – член
Искра Клинкарова – член
Зоран Јовановски – член
Џон Кирил Јоновски – член
Драган Тилев – член
Радош Вукиќевиќ – член и Генерален директор (заклучно до 7.6.2023 година)

**Надзорен одбор**
Зоран Мартиновски – Претседател
Тихомир Атанасовски – член
Борче Илиоски – член
Христина Ружиновска – независен член
Миле Бундовски – независен член

## ПРОФИЛ НА КОМПАНИЈАТА

**За Винарска визба „Тиквеш"**

Винарската визба „Тиквеш", основана во 1885 година, со седиште во Кавадарци, Северна Македонија (ул. „8-ми Септември" бр. 5), со магацин, оперативни и административни канцеларии во Скопје, е една од најголемите и најнаградуваните винарници во Југоисточна Европа.

Наследство од Тиквешкиот Регион

ВВ „Тиквеш" се наоѓа во истоимениот вински регион во Северна Македонија, широко распространет на површина од 90.013 $m^2$, кој се карактеризира со медитеранска и континентална клима и уникатен тероар.

Со богата историја и силна посветеност на модернизацијата, иновациите и еколошката одржливост, ВВ „Тиквеш" е лидер во регионалната винска индустрија, со присуство на 25 странски пазари, директно вработува 207 луѓе, годишно преработува повеќе од 30 000 тони грозје и произведува 61 различен вид вино и 3 типа жестоки пијалаци.

| |
|---|
| Годишен промет (2023): **50,8 милиони евра** |
| Инвестиции (2023): **7,3 милиони евра** |
| Поврат на средства – ROA (2023): **7,2 %** |
| Поврат на ангажиран капитал (2023): **15,6 %** |
| Нето-профит (2023): **4,4 милиони евра** |
| Број на брендови (2023): **64**<br>**Вински брендови: 61**<br>**Жестоки пијалаци: 3** |
| Меѓународни награди и признанија (2023): **114** |
| Продажба во волумен (2023): **15,7 милиони литри** |
| Произведено вино (2023): **15,5 милиони литри** |
| Капацитет на винификација: **17 милиони литри** |
| Лозови насади од кооперанти: **5 000 ha** |
| Лозови насади под директна контрола: **1 300 ha** |
| Преработено грозје (2023): **30 000 тони** |
| Вински сорти (2023): **35** |
| Винарница и оперативна површина во Кавадарци: |

| |
|---|
| **90.013 m²** |
| Меѓународни пазари (2023): **25** |
| Вработени (2023): **207** |
| Креирани работни можности – просечен број на сезонски работници: **35 просечно/месечно** |

## 2023 КЛУЧНИ ФАКТИ

| | |
|---|---|
| **% на вино конзумирано на странски пазари** | **63 %** |
| **% на вино конзумирано во Р. Србија** | **34 %** |
| **% на вино конзумирано во Р. С. Македонија** | **37 %** |

„Создаваме глобално име на бренд за нашиот регион"

Винарската визба „Тиквеш" се фокусира на создавање социјално и економско влијание за нашиот регион. Континуирано инвестираме во образованието и развојот на вработените, обезбедуваме развој на заедницата во која работиме, промовираме автохтони сорти грозје за создавање можности за лозарите и го поттикнуваме развојот на винскиот туризам.

## РАБОТНА СИЛА

| Сегмент | Број на вработени | Учество |
|---|---|---|
| Менаџмент | 20 | 10% |
| Администрација | 47 | 23% |
| Производство | 103 | 50% |
| Лабораторија | 11 | 5% |
| Магацин | 26 | 13% |
| **Вкупно** | **207** | |

## МИСИЈА

Посветени сме на создавање извонредни, одржливи и незаборавни вина што го почитуваат богатото наследство на нашите лозарски региони. Еднакво сме верни на внимателното чување на лозјата и примената на еколошки одговорни практики и на страста за иновации и научна извонредност во лозарството и винарството. Стремејќи се да градиме дух на иновативност и соработка во регионот, нашата цел е да го предводиме револуционизирањето на регионалните практики за производство на вино, поставувајќи нови одредници за извонредност и одржливост.

## ВИЗИЈА

Нашата аспирација е да се појавиме како водечка сила во уметноста на производство на вино во Европа, зацврстувајќи го нашето место меѓу најценетите винарници на континентот. Нашата крајна цел е да постигнеме глобално признание како истакнат бренд, синоним за извонредност и иновација во светот на виното. Додека страсно ја промовираме умешноста за производство на вино во Југоисточна Европа, нашата визија се протега надвор од регионалните граници. Се стремиме да прераснеме во чинител во глобалната винска индустрија, надминувајќи ги границите и имагинацијата на винските ентузијасти ширум светот.

## ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

**Извонредност**

Следење на највисокиот квалитет во нашите вина и рафинирање на нашата дејност, истовремено одржувајќи ги традициите на производство на вино.

**Страст**

Негување љубов кон винарството и споделување со клиентите, вработените и партнерите инспиративна благодарност за уметноста.

**Одржливост**

Давање приоритет на еколошките практики низ активности за заштита на животната средина и зачувување на ресурсите.

**Интегритет**

Водење бизнис етички и транспарентно, третирајќи ги сите засегнати страни и животната средина со почит и правичност.

**Соработка**

Поттикнување тимска работа, отворена комуникација и ангажман со заедницата, партнерите и засегнатите страни за заеднички успех.

**Иновација**

Прифаќање напредни техники и технологии за поттикнување континуирано учење, развој и напредок.

**Научно заснован пристап**

Примена на истражувања, увиди базирани врз податоци и практики засновани врз докази за да се оптимизираат квалитетот, одржливоста и иновациите.

**Чувство на сопственост**

Поттикнување на одговорност и отчетност, зајакнување на членовите на тимот за да придонесат за успехот на компанијата како свој.

**Наследство**

Почитување на историјата и традициите на нашиот регион, спојувајќи ги со модерните техники за уникатни, незаборавни вина.

**Фокус на клиенти**

Приоретизирање на потребите на клиентите и нивните преференции, обезбедувајќи исклучителни искуства што ги надминуваат очекувањата.

**Социјална одговорност**

Поддршка на локални иницијативи, промовирање одговорна потрошувачка и стремеж за позитивно влијание врз луѓето и животната средина.

## ГЛАВНИ ОСТВАРУВАЊА

Винарската визба „Тиквеш" забележа успешна 2023 година, при што вкупната продажба порасна за 16 %, а обемот на производство за 2 %. Компанијата беше присутна на речиси над 25 пазари на глобално ниво и имаше силни пазарни позиции во Западен Балкан, задржувајќи го највисокиот пазарен удел во Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и во Косово. Винарницата, исто така, го прошири своето присуство во регионот со 5 % од консумираното вино. Извозот порасна за 2 % во обем и 14 % во вредност, што придонесе за импресивните перформанси на компанијата.

Податоците за продажбата на Винарската визба „Тиквеш" во регионот на Западен Балкан откриваат значителен раст помеѓу 2022 и 2023 година. Вкупните продажби се зголемија за 17 %, при што вкупните приходи достигнаа 46,8 милиони евра во 2023 година, што е повеќе од 40 милиони евра во 2022 година. Ова претставува вкупна добивка од 6,8 милион евра. Црна Гора оствари најзначајна стапка на раст од 24 %. Раст забележаа и други земји: Северна Македонија (17 %), Србија (19 %), Косово (7 %) и Босна и Херцеговина (17 %).

Во Србија, Винарската визба „Тиквеш" беше најголемата винарница со пазарен удел од 14 %, доминирајќи во категориите бело и розе вино, како и во сегментот вредност за парите. Со тоа ја задржа позицијата бр. 1 на пазарниот удел во Северна Македонија со 70 % од целокупното консумирано вино и забележа раст од 30,6 % во вредноста и 18 % во обем на македонскиот пазар. Во Косово, „Тиквеш" ја имаше и позицијата број 1 на пазарот.

Силен раст на продажбата во Западен Балкан

| Земја | 2022 | 2023 | '23 vs '22 | Тренд % |
|---|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 19.641.812 ЕУР | 22.971.204 ЕУР | **3.329.392 ЕУР** | 17 % ▲ |
| Србија | 14.199.886 ЕУР | 16.968.120 ЕУР | **2.768.234 ЕУР** | 19 % ▲ |
| Косово | 1.449.417 ЕУР | 1.551.174 ЕУР | **101.757 ЕУР** | 7 % ▲ |
| Црна Гора | 533.236 ЕУР | 661.006 ЕУР | **127.770 ЕУР** | 24 % ▲ |
| Албанија | 368.521 ЕУР | 279.513 ЕУР | - **89.008 ЕУР** | 24 % ▼ |
| Босна и Херцеговина | 3.810.796 ЕУР | 4.440.518 ЕУР | **629.722 ЕУР** | 17 % ▲ |
| Други | 3.767.452 ЕУР | 3.698.442 ЕУР | - **69.010 ЕУР** | 2 % ▼ |
| **Вкупно** | **43.771.121 ЕУР** | **50.569.976 ЕУР** | **6.798.856 ЕУР** | 16 % ▲ |

Во 2023 година, извозот продолжи да расте во согласност со нашата стратегија за диверзификација на пазарот. Просечната цена на виното за литар се зголеми како резултат на поголемото учество на премиум производните линии во вкупната продажба на сите пазари. Растот беше поттикнат од силниот напор да го зголемиме нашето присуство во каналот HoReCa и подобрата дистрибуција на нашето портфолио на премиум и тероар. Новите производи беа успешно додадени во нашата прифатлива линија за тероар, што ја направи најрастечка нашата линија на производи.

Компанијата го модернизираше лозарскиот сектор за да ги подобри ефикасноста, транспарентноста и севкупниот квалитет. Беше спроведена стратешка соработка со клучните добавувачи и лозарите за да се обезбеди производство на висококвалитетни производи.

Винарската визба „Тиквеш“ продолжи да ја предводи еколошката одржливост во регионот со цел да стане една од првите винарници во согласност со ESG-стандардите и да се приклучи на Меѓународните винарници за климатска акција (IWCA) за винската индустрија „Net Zero“ до 2050 година. Оваа заложба доведе до воведување прво вино од органско грозје во бутик винарницата „Лепово“, инсталација на соларна централа од 1,6 MW, со планови за зголемување на капацитетот до 2,4 MW во 2023 година, како и поставување станица за третман на вода во винификацијата за намалување на еколошкиот отпечаток на компанијата.

И покрај нарушувањето на глобалниот синџир на снабдување, зголемувањето на цените на енергијата и инфлацијата, Винарската визба „Тиквеш“ покажа извонредна отпорност и успеа да одржи стабилен профит и продажба преку диверзификација на пазарот и портфолиото на производи. Компанијата продолжува да работи и да имплементира функционален систем на заштитени географски ознаки, усогласувајќи го винскиот сектор во Северна Македонија со заедничката земјоделска политика на ЕУ. „Тиквеш“ промовираше и автохтони сорти на грозје, создавајќи можности за руралните лозари и регионален развој на туризмот, и соработуваше со

винарници од Србија и од Албанија за успешни настани, како што се саемот „Винска Визија“ во Белград и заедничкиот штанд на „ВинИтали“.

Накратко, перформансите на Винарската визба „Тиквеш“ во 2023 година ја покажаа способноста на компанијата да се приспособи на промените на пазарот, да го прошири своето присуство на Западен Балкан и меѓународните пазари и да го задржи фокусот на понудите на премиум производи. Посветеноста на винарницата за одржливост на животната средина, модернизацијата на лозарските практики и стратешките соработки со добавувачите и другите винарници во регионот дополнително ја зајакнаа нејзината успешна година.

Гледајќи напред, Винарската визба „Тиквеш“ ќе продолжи да се фокусира на премиумизација на производите, диверзификација на пазарот и иницијативи за одржливост на животната средина како дел од својата долгорочна стратегија. Надградувајќи се на силните темели воспоставени во 2022 година, Винарската визба „Тиквеш“ е добро позиционирана за континуиран раст и успех во наредните години.

## ПРОИЗВОДСТВО

Главниот фокус на „Тиквеш“ во производството на вино секогаш се заснова врз високи стандарди за квалитет. Покрај многубројните предизвици што со себе ги донесе 2023 година, „Тиквеш“ успеа да произведе висококвалитетни производи што беа препознаени од страна на потрошувачите.

Доколку се направи кратка анализа за бербата во 2023 година, може да се истакне дека од планираните 33.808.000 кг грозје, откупени и преработени се 22.209.174 кг грозје.

Од ова количество, 3.185.760 кг грозје се преработени на линијата за микровинификација, остатокот од 19.023.414 кг грозје се преработени на линијата за макровинификација.

Големата динамика и сортиментот за откуп бараа голем ангажман на сите вклучени во процесот со цел да се усогласат и да се организираат повеќе фактори – производителите на грозје/комитентите, транспортот на грозје, приемните грла и расположливите капацитети и ресурси во ВВ „Тиквеш“.

За одлуката за берба на секоја сорта имавме аналитички пристап, со претходен мониторинг на лозовите насади, извештаи од терен, следење на надворешните услови и прогнози, како и лабораториски и сензорни анализи.

Бербата 2023 е карактеристична по многу намалениот принос на грозје во лозовите насади во Македонија. Причината беше врнежливо време во текот на април, мај и јуни. Како резултат на ова, имаше масовна појава на пламеница, поради што приносите на грозје беа намалени за 40 % на ниво на сите лозарски реони во Македонија.

Белите вина имаат типичен и силен интензитет на примарна арома, средно кон силно тело како резултат на самиот состав на киселините и екстрактот на виното. Додека, пак, кај црвените вина е направена строга селекција на здраво и квалитетно грозје, што придонесе да се добијат вина со

умерена алкохолна содржина, концентрирани боени материи, вина со силен екстракт и потенцијал за стареење, како и фенолно спремни вина.

Во Табела бр. 1 е прикажана споредбата на количеството воден талог за 2021, 2022 и 2023 г.




| | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 94 | 12 | 37 | 26 | 26 | 26 | 18 | 8 | 19 | 101 | 34 | 39 |
| 2022 | 13 | 49 | 22 | 41 | 31 | 38 | 37 | 74 | 41 | 17 | 56 | 62 |
| 2023 | 75 | 10 | 52 | 80 | 74 | 126 | 31 | 26 | 10 | 21 | 92 | |

Табела бр. 1

Во табелите во продолжение се прикажани откупени количества грозје за бербата 2023, планирани и откупени количества грозје за берба 2023 и сорти на грозје што се преработени на линијата за микровинификација.

| **Откупени количества грозје за бербата 2023** | | |
|---|---|---|
| **Сорта на грозје** | Откупено количество во кг | % учество |
| **Бели сорти на грозје** | 12.796.270,00 | 57,62 % |
| **Црвени сорти на грозје** | 8.753.513,50 | 39,41 % |
| **Асталски сорти на грозје** | 659.390,00 | 2,97 % |

| **Планирани и откупени количества грозје за бербата 2023** | **Количества** |
|---|---|
| **План за бербата за 2023** | 33.840.000,00 |
| **Договорени количества во килограми** | 43.289.150,00 |
| **Откупени количества во килограми** | 22.209.174,00 |
| **Планирано откупено во проценти** | 65,63 % |
| | |
| **Број на договори за правни лица** | 161,00 |

| Број на договори за физички лица | 4.048,00 |
|---|---|
| **Вкупен број на договори** | 4.209,00 |

Табела бр. 3 Откупени количества грозје за бербата 2023

Табела бр. 4 Планирани и откупени количества грозје за бербата 2023

| Бели сорти на грозје – микровинификација | | | |
|---|---|---|---|
| **Сорта** | Правни лица кг | Физички лица кг | Вкупно кг |
| **Темјаника** | 142.460 | 275.688 | 418.148 |
| **Шардоне** | 557.812 | 251.121 | 808.933 |
| **Ризлинг** | 194.743 | 82.589 | 277.332 |
| **Црвени сорти на грозје – микровинификација** | | | |
| **Сорта** | Правни лица кг | Физички лица кг | Вкупно кг |
| **Вранец** | 292.065 | 98.704 | 390.769 |
| **Кратошија** | 535.097 | | 535.097 |
| **Мерло** | 330.472 | 75.548 | 406.020 |
| **Каберне Совињон** | 237.281 | 48.445 | 285.726 |
| **Станушина** | | 63.735 | 63.735 |

Табела бр. 5 Преработени сорти – микровинификација

## ФИНАНСИСКИ ПЕРФОРМАНС И КЛУЧНИ МЕТРИКИ

Во 2023 година, „Тиквеш" оствари финансиски раст со зголемување на приходите и нето-добивката пред оданочување. Ефикасното користење на капиталот, високата стапка на самофинансирање и силната финансиска сигурност придонесоа за целокупната стабилност на компанијата, истовремено намалувајќи го нејзиниот циклус на конверзија на готовина. Показателите за моментална и тековна ликвидност бележат благ тренд на подобрување. Компанијата ќе продолжи да се фокусира на оптимизирање на своите перформанси и одржување на финансиската стабилност.

Главни метрики за 2023 година:

- Раст на вкупните приходи од продажба од 16,1 %, пред сè, од странски пазари;
- Раст на нето-добивката пред оданочување за 41,8 %;
- Раст на EBITDA за 34,8 %;
- ROA – 7,2 % и ROCE – 8,8 %, со тренд на поефикасно користење на капиталот на компанијата и генерирање акционерска вредност;
- Задолженоста од 35,9 % е под нивото за оптималното задолжување;
- Висок степен на самофинансирање од 89 %, финансиска сигурност од 63 % и кредитна способност од 197 %;

- CCC – со 398 дена во 2023 година, во однос на претходните години има значително намалување на циклусот на трансформација на средствата во пари, т. е. поефикасно користење на средствата со кои располага компанијата;
- Показателите за моментална и тековна ликвидност забележаа благ тренд на подобрување.

## СИНЏИР НА НАБАВКИ И ЛОГИСТИКА

**Синџир на снабдување**

Во деловната 2023 година, Секторот синџир на снабдување во Винарската визба „Тиквеш" успешно и навреме реализираше неколку значајни проекти, целосно посветени на обезбедувањето висококвалитетни материјали и услуги, додека истовремено одржуваше строга контрола на трошоците за набавка. Меѓу најзначајните проекти се издвојуваат неколку клучни иницијативи наведени во продолжение.

1. **Подобрување на структурниот интегритет на збирните картонски кутии**

На почетокот на 2023 година, Винарската визба „Тиквеш" презеде стратешка иницијатива за зголемување на структурната цврстина на збирните транспортни кутии, формирајќи тим од различни функционални области – Синџир на снабдување, Контрола на квалитет и Производство. Примарната цел на овој тим беше да ги испита можностите што ги нудат добавувачите и да иновира решенија за амбалажа што ќе ги задоволат строгите барања за складирање и транспорт.



За да го оствари ова, тимот организираше комерцијално-производствени тестови во соработка со добавувачите на картонска амбалажа. Фокусот беше ставен на евалуацијата и изборот на кутии што нудат подобра издржливост и заштита во споредба со традиционалните трислојни кутии и воведувањето петслојни транспортни кутии беше направено селективно и фазно. Оваа активност беше управувана со прецизна контрола на трошоците, обезбедувајќи дека секој сегмент од линијата производи добива подобрувања на амбалажата што се и ефективни и економски оправдани.

До јули 2023 година, преминот кон петслојни транспортни кутии беше целосно имплементиран. Оваа промена значително ја зголеми логистичката стабилност и доверливост на пакувањата за време на складирањето и транспортот. Новиот дизајн на амбалажата не само што го спречува нарушувањето на интегритетот на пакувањето, туку и се усогласува со ориентираноста на компанијата кон квалитет и одржливост. Резултатот е поцврста амбалажа што гарантира дека производите ќе се испорачаат до целта во непроменета состојба, поддржувајќи ја посветеноста на компанијата за квалитет и доверливост на испораките.

Изработени со идеја за одржливост, целосно од 100 % рециклирани материјали,

транспортните картонски пакувања го отсликуваат ангажманот на „Тиквеш“ за намалување на отпадот и зачувување на природните ресурси.

2. **Редизајн на линијата производи „Classic“**



Винарската визба „Тиквеш“ го спроведе редизајнот на сегментот на вина „Classic“, успешно синхронизирајќи ги активностите во синџирот на снабдување, со цел обезбедување навремена реализација според претходно утврдениот план за активности. Клучен аспект на овој редизајн беше прецизното управување со залихите, балансирајќи го дотрошувањето материјали од тековниот дизајн и воведувањето нови елементи на пакување. Ова стратешко управување со залихите овозможи преодот од стариот кон новиот дизајн да се одвива синхронизирано и без прекини во снабдувањето или непотребен расход и трошоци.

Трошоците на набавка беа строго контролирани, со фокус на подобрување на квалитетот, осигурувајќи дека секоја инвестиција во процесот на редизајн придонесува за подобар конечен производ. Ефикасната координација помеѓу производството, управувањето со залихите и пуштањето на пазарот придонесоа новодизајнираните шишиња да бидат воведени на пазарот без проблеми.

Конечниот исход од оваа стратешка активност беше премиум изглед на сегментот „Classic“, значително придонесувајќи за неговото пазарно позиционирање.

3. **Повратни дрвени палети за складирање и транспорт на стока**



На секое ниво, вклучувајќи го и изборот на палети за складирање и транспорт на стоки, „Тиквеш“ континуирано ги промовира одржливите практики. Во 2023 година, „Тиквеш“ со посебен фокус продолжи со практиката на набавка на употребувани и повратни дрвени палети што се користат повеќепати, потврдувајќи ја својата посветеност кон редуцирање на отпадот и зголемување на ресурсната ефикасност.




Овие палети не само што се економски, туку се и еколошки прифатливи, бидејќи помагаат во минимизирањето на потребата од нови дрвени ресурси и намалувањето на емисиите на јаглерод поврзани со производството на палети. Со изборот на повратни дрвени палети што може да се користат повеќе пати, „Тиквеш“ придонесува за создавање поодржлив синџир на снабдување, додека, пак,

истовремено гарантира безбедно и ефикасно складирање и транспорт на своите производи.

4. **Воведување повеќе одржливи транспортни услуги**



Одржливоста ги опфаќа сите аспекти на синџирот на снабдување, вклучително и транспортните услуги за доставување материјали за пакување. Преку стратегиско планирање и воведување одржливи практики, Винарската визба „Тиквеш" придонесува нејзините транспортни операции да го минимизираат влијанието врз животната средина додека ефикасно ги задоволуваат потребите на синџирот на снабдување. Приоритет за „Тиквеш" се еколошки прифатливите методи на транспорт, како што се оптимизирањето на транспортните рути за намалување на потрошувачката на гориво и емисиите. Дополнително, винарницата соработува со логистички партнери што го споделуваат нејзиниот ангажман кон одржливоста, избирајќи превозници со модерни возни паркови што ги почитуваат строгите еколошки стандарди.
Логистичките партнери на „Тиквеш" во 2023 година дадоа свој придонес за нашата иницијатива за зелена трансформација на винарницата преку спроведување на стратегијата за одржливост. Беа составени детални извештаи за емисиите на $CO_2$ за реализираните товарења на „Тиквеш" во увоз и извоз за веќе дефинираните транспортни рути.

Секој од овие проекти значително придонесе за зголемување на ефективноста и одржливоста на Винарската визба „Тиквеш", овозможувајќи ѝ на компанијата да продолжи да биде предводник во индустријата со своите иновативни и еколошки одржливи методи.




Во „Тиквеш", континуираното подобрување на одржливите материјали за пакување е врвен приоритет со цел минимизирање на влијанието врз животната средина. Преку тековните напори за истражување и развој, винарницата е посветена на изнаоѓање иновативни решенија што ги намалуваат отпадот, емисиите на јаглерод и потрошувачката на ресурси. Ова вклучува воведување еколошки алтернативи, како што се полесни

стаклени шишиња, рециклирани материјали за пакување и биоразградливи опции. Соработувајќи со добавувачите и инвестирајќи во одржливи технологии, целта на „Тиквеш“ е да ги подобри своите практики на пакување додека ги одржува квалитетот и интегритетот на своите производи. Преку овие иницијативи, „Тиквеш“ ја демонстрира својата посветеност на грижата за животната средина и одржливите деловни практики, придонесувајќи за поздрава планета за идните генерации.

## ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

### ПРОЕКТ-МЕНАЏМЕНТ

Во 2023 година се продолжи со позитивниот тренд на инвестирање како во производствените капацитети, така и во градежните сегменти на винарницата.



Се довршуваа започнатите активности од 2022 година во делот на реновирање на објектите, а, исто така, се започна и со реконструкција на нови објекти.

Се инвестираше во опрема и градежни работи со вкупна вредност од 4.030.000 ЕУР.

Дел од инвестициите што се реализираа во 2023 се:

- Изградба на комплетно нов подрум во кој е сместена целокупната опрема за прием и преработка на грозје. Подрумот е со површина од 1.300 м²;

- Набавка на комплетна линија за преработка на грозје во делот на микровинификација;
- Зголемување на капацитетот за преработка на дополнителни 5.000 кг/ч;



- Обложување бетонски цистерни со инокс и промена на врати и славини од инокс. Со помош на оваа инвестиција се реновираше капацитетот на танкови за вино од 100 тони;



- Дополнителен капацитет за складирање вино од 2 000 тони, обезбедени со реновирањето 4 бетонски танкови од по 500 тони, кои се обложени со епоксид;



- Палетни боксови за транспорт на грозје. Набавени се вкупно 800 парчиња, зголемен е капацитетот за ц.ц.а 160.000 кг/тура;



- Набавка на нови дабови буриња од 300 л; 500 л за зреење на винскиот дестилат; набавка на нови буриња Барик од 228 л;



- Набавка на нова преса и зголемување на капацитетот за преработка на грозје за дополнителни 35 000 кг/ч;



- Завршена изградбата на нов административен простор, кој беше пуштен во употреба во јули 2023 година.



## КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Трендот на испитување и подобрување на квалитетот на флаширани вина во делот на TPO (total package oxygen) продолжи и во 2023 година. Секоја година се обновуваат сензорите за мерење, со цел да се исклучат можностите за грешка, а со тоа се потврдува точноста на мерењата.



| | TPO 2021 (ppm) | **TPO % 2021/ 2020** | TPO 2022 (ppm) | **TPO % 2022/ 2021** | TPO 2023 (ppm) | **TPO % 2023/ 2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1L stelvin** | 1,04 | **6** | 0,93 | **-11** | 1,03 | **11** |
| **0,75 stelvin** | 1,23 | **14** | 1,10 | **-10** | 1,25 | **13** |
| **0,75 pluta** | 0,61 | **-1** | 0,67 | **10** | 0,64 | **-5** |
| **0,5 stelvin** | 1,40 | | 1,19 | **-15** | 1,28 | **7** |
| **0,187 stelvin** | 1,87 | **10** | 1,86 | **0** | 1,78 | **-4** |

TPO (Total package oxygen) – Вкупен кислород во пакување

DO (Dissolved oxygen) – Растворен кислород во вино по полнење

HSO (Head space oxygen) – Кислород што се наоѓа во празниот простор помеѓу виното и затворачот

TPO = DO + HSO

Се продолжи со интерната контрола со BIPEA (Bureau Interprofessionnel des Etudes Analytiques), која вклучува евалуација на точноста на мерењата што се вршат во лабораторијата на винарницата.

BIPEA е организација за лабораториски испитувања во која членуваат повеќе од 1 200 лаборатории од целиот свет.

Резултатите на ВВ „Тиквеш", споредени со параметрите на BIPEA, и во 2023 година беа во границите на дозволените отстапки на BIPEA, со што се потврдува стручноста на вработените и опременоста на лабораторијата со најсовремена технологија. Оваа година во контролата на споредба се вклучија и нови параметри што се мерат на новиот анализатор Diatron.



Микробиолошкиот дел го следи трендот на подобрување на испитувањата, подлогите за микробиологија се работат на готови подлоги, не се спремаат во лабораторијата, а со тоа се зголемува точноста на добиените резултати и се намалува ризикот од човечка грешка.

CIP-системите се контролираат со понов модел на апарат AccuPoint I AqvaSnap, кој работи на ATP (аденозин трифосфат) со поголема прецизност и поголема брзина.

Репроматеријалите што се користат во ВВ „Тиквеш“ подлежат на влезна контрола, при што се намалува ризикот од користење неквалитетен материјал, со тоа што се реагира навреме уште при самиот прием за да се избегнат загуби на време и материјали на денот на полнењето.

### ISO-сертификати

Во 2023 година се изврши редовна проверка според најновите верзии на ISO 9001:2015 (QMS); ISO 14001:2015(EMS); ISO 22000:2018 (FSMS). Со проверките што ги имавме во 2023 година се потврдија функционалноста и добрите практики во производството на вино според ISO-стандардите.










Во 2023 година е воведен и ISO 50001:2018 Energy Management system.



## ИЗВЕШТАИ

## ИНДИКАТОРИ НА ОСТВАРУВАЊЕ

**Континуиран раст на продажби со исклучок на периодот на пандемијата**






**Структура во полза на категориите со повисока додадена вредност**






Надмината состојба на нарушената профитабилност од времето на кризата

## EBITDA




## Нето профит



## Поврат на средства




## ROCE




**Зголемена ефикасност во користење на средствата на компанијата**

**DIO - Просечен коефициент на промет на залихи**




**DSO - Просечен период на порамнување на побарувањата**



**DPO - Просечен период на поставување за плати**




**Приходи од продажба по вработен**



### Приходи од продажба на нетековни средства




### Циклус на конверзија на готовина



## МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖНИ АКТИВНОСТИ

Нашите заложби за маркетинг во 2023 година беа фокусирани на зајакнување на нашата лидерска позиција на регионалните пазари и проширување на нашето навлегување на пазарот. Ги освеживме нашите постојни производни линии и лансиравме нови вина, со цел понатаму да го подобриме имиџот на компанијата и на нашите индивидуални брендови кај различните целни публики.

Нашата стратегија беше насочена кон премиумизација на нашето производно портфолио. Ефикасно комуницираме и ги промовиравме нашиот бренд, новите производи, успесите и значајните инвестиции, истовремено зајакнувајќи ги партнерствата за поддршка на овие иницијативи.

Во 2023 година, маркетинг-активностите на „Тиквеш" беа насочени кон засилување на присуството на брендот и проширување на пазарот. Овие активности се само дел од многубројните иницијативи што „Тиквеш" ги промовира преку своите маркетинг и комуникациски активности:

**Иницијативи за нови производи и зајакнување на постојните брендови**

• Ребрендирање на линијата „Classic";

• Воведување нови вина: **„Žilavka Bela Voda", бело и црвено вино „Vršnik" и бело и црвено вино „Babuna"**;

• Претставување на првото вино од сертифицирано органско грозје – „Domaine Lepovo Chardonnay" од бербата 2021;

• Одбележување на 50-годишниот јубилеј на „T'ga za jug".

**Иновации и технологија**

• Технологија за мобилно флаширање вино: „Тиквеш" постави нови индустриски стандарди со воведувањето мобилна технологија за флаширање вино, прва во Македонија и на Западен Балкан, чија цел е подобрување на квалитетот на вината.

• Зголемување на капацитетот и квалитетот на прием на грозје: „Тиквеш" инвестираше во нова опрема, која овозможува подобар квалитет на виното што го произведува и зголемен капацитет за прием и преработка на грозје за премиум вино. Дополнително, инвестицијата носи придобивки и за лозарите, зголемена енергетска ефикасност и намалена емисија на $CO_2$.

• Дигитализација во лозарството: „Тиквеш" воспостави соработка со една од најреномираните светски консултантски компании во областа на лозарството

– „Перлеуве“ (Perleuve) од Италија за примена на најсовремените практики за производство на здраво висококвалитетно грозје.

**Заедница и културен ангажман**

• Иницијативи на заедницата: „Тиквеш“ водеше различни иницијативи ориентирани кон заедницата, вклучително и успешна акција за дарување крв и обезбеди конзистентни, правични практики за плаќање на лозарите и за зајакнување на соработката со нив.

• Културни спонзорства: Винарницата поддржа значајни културни настани, како што се Охридско лето и Скопскиот џез-фестивал, обезбедувајќи вина со специјални етикети и активно се вклучи во Струшките вечери на поезијата и во Меѓународниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“, зголемувајќи го својот придонес во заедницата и во културата.

**Лидерство во грижата за животната средина и во индустријата**

• Винарската визба „Тиквеш“ се приклучи на групата „Меѓународни винарници за борба против климатските промени“ (IWCA), посветена на постигнувањето значителни еколошки цели, и беше признаена како врвен извозник во регионот, што ја одразува посветеноста на одржливи практики и лидерството на пазарот.

**Едукативни и промотивни активности**

• Светски ден на вранецот: „Тиквеш“ одигра клучна улога во меѓународната конференција одржана во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на вранецот, промовирајќи ја сортата вранец и ангажирајќи се во продажни и промотивни активности за зајакнување на нејзиното глобално препознавање.

• „Тиквеш“ организираше стручна конференција за значењето на примената на научен пристап и стандарди за да се обезбеди одржливо лозарство отпорно на климатските промени.

• Вештачка интелигенција и дигитални решенија на „AI Tech Summit“: „Тиквеш“ ја прикажа својата имплементација на иновативни дигитални решенија и вештачка интелигенција во лозарството на „AI Tech Summit“ – Самитот одржан во Скопје. Овој настан ја нагласи посветеноста на „Тиквеш“ на технолошкиот напредок во лозарството, дополнително промовирајќи ги своите иновативни практики пред глобалната публика.

## НОВИ ПРОИЗВОДИ И ПАКУВАЊА

1. **„Žilavka Bela Voda"**




Продолжувајќи го процесот на доближување на премиум вината до потрошувачите, преку проширување на нашето портфолио со висококвалитетни вина од специфични локации, кон крајот на април 2023 година на пазарот ја претставивме „Žilavka Bela Voda" како дел од *Tikveš Châteaux & Domaines*.

Ова вино е произведено од грозје одгледано на лозови насади сместени на добро познатата микролокација Бела Вода, каде што постојат совршени услови за одгледување на сортата жилавка.

„Žilavka Bela Voda" е исклучително свежо вино со ароми на агруми, како и на круша, зелено јаболко и цветни и билни ноти. Виното е суво и свежо, со полно тело, а во вкусот се чувствуваат лимон, киви и грејпфрут.

Сигурни сме дека ова вино ќе предизвика интерес кај винските љубители, а неговиот вкус и неговиот квалитет ќе ги претворат во верни потрошувачи.

2. **„Babuna"**

Во потрагата по уникатни микролокации за одгледување грозје од кое ги создаваме нашите вина од премиум сегментот, ја пронајдовме локацијата Бабуна. Сместена во велешкото виногорје, Бабуна е совршено место за одгледување грозје со исклучителен квалитет. Лозовите насади се лоцирани во непосредна близина на реките Вардар и Бабуна, предел каде што се мешаат медитеранската и континенталната клима и каде што во текот на целата година е присутен ветар од северен правец, кој го намалува потенцијалот за развој на болести и штетници на виновата лоза. Со сите овие предности, Бабуна им се придружува на Барово, Лепово и Бела Вода, како уште еден уникатен тероар во рамките на *Tikveš Châteaux & Domaines.*

Во 2023 година, на пазарот ги претставивме белото и црвеното вино „Babuna", кои го носат




името на локацијата на која е одгледано грозјето од кое се создадени. Со овие премиум вина го прошируваме изборот на потрошувачите во оваа категорија вино.

Белото вино „Babuna" е комбинација од сортите албариньо, шардоне и вионје. На мирис се чувствуваат интензивни ноти на цитрусно и коскесто овошје, лимон, како и бела праска, додека, пак, на вкус веднаш се откриваат изразената свежина и вкусовите на цитрусно овошје, зрел лимон, грејпфрут, проследени со ноти на крушка, зелено јаболко и со хармоничен завршеток.

Црвеното вино „Babuna" е произведено од сортата плавец. Во него доминира мирисот на капина, цреша и зготвени модри сливи, проследен со цветни ноти на љубичица и траги од мирис на јод, што е типична сортна карактеристика. Ова суво вино има освежителна киселост, деликатни танини, полно тело и одлично интегриран алкохол. Виното има хармоничен вкус на сок од калинка, вишна и малина, и има сочен финиш. Одличната структура овозможува стареење во шише до 5 години.

Остануваме посветени на развојот на автентични, единствени вина со кои ќе продолжиме да ја зголемуваме базата на потрошувачи.

3. „Vršnik"

Како дел од нашите заложби да промовираме вина од уникатни микролокации, во стратешка соработка со „Винарија Попов" развивме нов бренд – „Vršnik", од истоимената локација.




Белото и црвеното вино „Vršnik" се резултат на синергијата меѓу енолошките тимови на двете винарници и се произведени во ограничени количества. На пазарот беа лансирани на крајот на октомври и беа достапни во угостителските и трговските објекти низ целата земја.

Белото вино „Vršnik" е спој на сортите пино грицо, совињон блан и шардоне. Во неговиот овошен мирис се забележуваат јаболко и круша, како и суптилни билни ноти. Ова суво вино со средно тело има изразена свежина и вкус на лимон со мала доза зачини.

Црвеното вино „Vršnik" е произведено од сортите сира, мерло, каберне франк и карменере. Во него, мирисот на капина, цреша и јагода е проследен со ноти на црн бибер. Ова суво вино со полно тело и меки танини има вкус на капина, црна рибизла, кандирано овошје и има пријатен овошен финиш.

Винарската визба „Тиквеш" ќе продолжи да го применува моделот на стратешка соработка и со други помали винарници, со цел развој и пласман на премиум вина од специфични микролокации со идеални услови за производство на грозје. На тој начин ќе обезбедиме

разновидна понуда за потрошувачите, ќе ја подобриме и ќе ја зголемиме свесноста за македонските вина и ќе им обезбедиме поддршка на помалите винарници во пласманот и промоцијата на автентичните вина од карактеристични локации.

### 4. „T'ga za jug" – 50-годишен јубилеј

Најпопуларното македонско црвено вино „T'ga za jug" веќе половина век ги освојува потрошувачите како на домашниот пазар, така и на интернационалните пазари. За време на своето педесетгодишно постоење, овој бренд доживеа низа визуелни освежувања и промени, со цел секогаш да биде во тек со современите трендови и со очекувањата на потрошувачите. За целиот тој период, „T'ga za jug" го задржа својот карактеристичен квалитет и вкус, како и позицијата на едно од најомилените вина на љубителите на овој пијалак.




Следејќи ги преференциите на пазарот, одлучивме навојниот затворач на „T'ga za jug" во пакување од 0,75 л, од април 2023 година да го замениме со плутен затворач, кој домашните потрошувачи го избираат како најсоодветен за ова вино. Оваа промена нема никакво влијание врз квалитетот или цената на виното.

Во последниот квартал од 2023 година, на сите пазари беше пуштена во продажба „T'ga za jug" со оригиналната ретро етикета од 1973 година со цел да го означиме јубилејот и во периодот на празници, слави и веселби да го славиме брендот во неговото првично издание.

### 5. Редизајн на „Classic"

Од почетокот на ноември, вината од линијата „Classic" беа достапни за продажба во нова амбалажа под новиот слоган „За моменти на среќа".

Првите вина што се појавија на пазарот беа „Temjanika", „Kratošija" и „Roze", а со исцрпување на количествата на останатите вина со старата амбалажа се вршеше замена и на другите вина од оваа линија.

Новата амбалажа вклучува употреба на ново шише, кое не само што има поинаков облик, туку е и полесно. Со користењето полесни шишиња за најпродаваната линија на вина од нашето портфолио ќе оствариме намалување на јаглеродните емисии за 206 тони годишно, што е во согласност со Стратегијата за одржливост и воведувањето на ESG-стандардите, кои придонесуваат да ги подобриме перформансите на компанијата во областите на заштита на животната средина, општественото влијание и управувањето.




Дополнително, етикетите на овие вина имаат модернизиран и освежен дизајн, но без големи промени, со цел да се задржи препознатливоста на изгледот на линијата кај потрошувачите.

Клучната промена е тоа што не се употребува називот „Classic“ на самите етикети, бидејќи истражувањето на мислењето на потрошувачите покажа дека ваквиот назив дава погрешна перцепција кај консументите во врска со вредноста и квалитетот на овие вина. Новата амбалажа вклучува и употреба на стелвин затворачи во боја, што придонесува вината со нова амбалажа да имаат впечатлив и модерен изглед.




Квалитетот и вкусот на вината од оваа линија остануваат непроменети, а се задржуваат и истите сорти со само една измена. Наместо „Vranec&Merlot“, ќе се произведува „Vranec“.

## ПРОДАЖНИ АКТИВАЦИИ И ПРОМОЦИИ

## ТРГОВИЈА

**St. Valentine/Св. Трифун**

По повод празникот на виното и на љубовта, спроведовме активација во трговските објекти ширум земјата, нудејќи вино од брендот „Alexandria Cuvée“ со подарок чоколадо. Активацијата наиде на позитивни реакции и масовен одѕив кај потрошувачите.




**Месец на розе вино**

Секоја година за време на пролетниот период организираме пролетна активација. Во 2023 година, март беше месец на розе вино, при што обезбедивме промотивни цени на розе вината на „Тиквеш“ од различни ценовни сегменти.

**Активности со додадена вредност**

Во периодот на поголемите верски и национални празници, како што се новогодишните и божикните празници, Велигден, 1-ви Мај, беа спроведени активности со додадена вредност на одредена категорија производи. Во тие рамки, во текот на 2023 година ги реализиравме:

- Комбинација на две шишиња „Смедеревка“ со кисела вода во еден пакет, со цел да одговориме на очекувањата на љубителите на шприцер.
- Подарок винска чаша за две купени вина „Alexandria“ и/или „T’ga za jug“.

- Специјален подарок – пакување составено од црвено „Alexandria Cuvée“ и бонбониера Бајадера.
- Подарок две чаши за ракија за купена Лозова ракија од еден литар за љубителите на ракијата.

При планирањето на активностите со дополнета вредност за потрошувачите, секогаш се обидуваме овие подароци да го негуваат култот на консумација на виното и да овозможат вистинско поврзување на виното и храната. Виното е пијалак каде што и самото послужување е ритуал што треба да се негува и традиција што се споделува со најблиските.

**Инвестирање во полици, дисплеи и тотеми во трговските објекти**

Заради функционалност и поголема видливост и достапност на нашите производи во маркетите ширум земјата и регионот, беа позиционирани полици и одредени палетни позиции, како и брендирање на постојните вински секции во самите трговски објекти, кои јасно ги комуницираа тековните продажни активации.




**УГОСТИТЕЛСТВО**

Во соработка со угостителските објекти продолживме со активности што придонесуваат за зголемување на продажбата, но и за поголем пазарен удел и видливост на брендот.

**Брендовски промотивни активности**

Во голем број објекти во земјата и регионот континуирано одржуваме промотивни активности, при што оваа година се фокусиравме на брендовите „Alexandria Cuvée“, „Luda Mara“, „Babuna“, како и на тероар вината на *Tikveš Châteaux & Domaines*.

**Комбинирање вино и храна**

Дефиниравме различни типови достапни комбо менија во селектирани објекти со храна и вино по промотивни цени. Оваа активација се покажа како најуспешна за зголемување на продажбата и за креирање поголема свесност за брендот.



**Настани „Wine & Dine“**

Во 2023 година, „Тиквеш“ ги редефинираше стандардите кога е во прашање реализацијата на настаните „Wine & Dine“ во земјата и во регионот. Со цел едукација на крајните консументи за соодветни комбинации на вино и храна и промоција на вината од премиум сегментот, „Тиквеш“ креираше неповторливи искуства за присутните, кои предизвикаа големо внимание и позитивни реакции.

Вакви настани беа реализирани во речиси сите поголеми градови ширум земјата, каде што на посетителите им се овозможи уживање во специјално приготвени менија за таа намена, впарени со најдобрите вина на „Тиквеш“.

Секој настан беше проследен со музички настап и соодветно објаснување на вината и причините за нивното впарување со соодветната храна.

Големиот интерес за успешните настани останува поттик за „Тиквеш“ да продолжи со активностите за доближување на уметноста на комбинирање на храната и виното и развој на винската култура.

Како настан „Wine & Dine“ што ја одбележа 2023 година го издвојуваме кабаре-шоуто организирано во соработка со хотелот „Мериот“, кое се одржа во ноември. Вечерта беше посветена на гастрономски бравури, ексклузивни вина и атрактивна кабаре-програма.

Настанот беше збогатен со аукција на две наши архивски вина: „Tikveš Semillon“ од 1970 и „Tikveš Macedonia Royal Reserve“ од 1989 година. Овие ретки вина од богатата архива на „Тиквеш“ беа како временска машина што гостите ги пренесе во минатиот век и им овозможи неповторливо искуство вредно за паметење.

Останати случувања „Wine & Dine“, за кои се бараше место плус и кои креираа одлични импресии кај посетителите, беа настаните во ресторанот „Мун“ во Штип, ресторанот „Бакал“ во Тетово, х. „Мирор“ во Скопје, х. „Су“ во Охрид и др.

- Ресторан „Мун“ во Штип









- Кабаре шоу во х. „Мериот“ во Скопје






- Ресторан „Бакал“ во Тетово




- Хотел „Су“ во Охрид




- Хотел „Мирор“ во Скопје





**ХОТСПОТ зони**

Во текот на зимскиот и летниот период беа реализирани специјални активности во најпопуларните објекти сместени во познатите туристички локации: Маврово и Попова Шапка. Различните продажни активации за *Tikveš Châteaux & Domaines* вклучуваа изработка на голем

број маркетинг-материјали, меѓу кои и униформи, престилки, подлошки за комбинации на вино и храна, знамиња за плажа, како и брендирање на објектите.

**Забави по работно време („after work“ забави)**

Познатите забави по работно време и во 2023 година беа високо на агендата на „Тиквеш“. Во текот на годината беа организирани многубројни забави од овој тип во угостителските објекти со промотивни цени на виното и додадена вредност за потрошувачите. Во фокусот беа брендовите „Alexandria Cuvée“, „Luda Mara“, како и француските вина од „Château de Gourdon“.








## НАСТАП НА МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ САЕМИ И НАСТАНИ

**„ProWein 2023“ во Германија**




Во периодот од 19 до 21 март 2023 година, „Тиквеш“ беше дел од македонските винарници што во организација на Здружението „Вина од Македонија“ се претставија на „ProWein“, најголемиот вински настан во светот, кој секоја година се одржува во Диселдорф, Германија.

На овој саем присуствуваа 49 000 посетители од 141 земја. Тој е еден од најпрестижните саеми во светот, каде што компаниите воспоставуваат и одржуваат деловни односи со меѓународни соработници и увозници и беше одлична можност за „Тиквеш“ да ги претстави своите висококвалитетни вина и да оствари контакти за извоз на странските пазари.

**„ProWine Shanghai“, водечки вински саем во Кина**

Со над 660 изложувачи од 32 земји од целиот свет, „ProWine Shanghai“, од 8 до 11 ноември 2023 година, беше местото каде што се собраа голем број професионалци од индустријата за вино. За време на тридневниот саем, „Тиквеш“ имаше можност да ги претстави своите врвни вина на голем број купувачи и да оствари контакти со потенцијални деловни партнери за кинескиот

пазар. „ProWine Shanghai“ се одржа десетта година по ред и е еден од највлијателните саеми за вино и алкохолни пијалаци на Азискиот континент.

За време на тридневниот настан, винарницата се фокусираше на претставување на своите исклучителни вина на разновидна низа меѓународни купувачи, со цел да воспостави значајни врски и да истражува нови деловни можности на динамичниот кинески пазар. Присуството на „ProWine Shanghai“ е доказ за посветеноста за проширување на глобалниот отпечаток на „Тиквеш“ и споделување на уникатните вкусови на македонските вина со ентузијасти ширум светот.

**Саем „Винска визија“ во рамките на Отворен Балкан 2023 во Белград**




„Тиквеш“ ги претстави своите врвни вина на меѓународниот саем за вино, храна и туризам „Винска визија“ во организација на „Отворен Балкан“, кој од 16 до 19 ноември 2023 година се одржа во Белград. Освен што ги претстави своите извонредни производи пред многубројните посетители на саемот во Белград, „Тиквеш“ беше и домаќин на мастеркласот со наслов „Лозарството во дигиталната ера“. Дискусијата за конвергенцијата на науката, иновациите и истражувањето ја водеа професорот Алан Делоар од Земјоделскиот институтот во Монпеље, Франција и Џовани Бигот, консултант, агроном и основач на реномираната консултантска фирма за лозарство „Перлеуве“ (Perleuve) со седиште во Италија.

„Тиквеш“ беше и меѓу наградените винарници на саемот, а по одлука на меѓународното стручно жири, кое оценуваше над 800 примероци вино, за најдобро бело вино од автохтона сорта на саемот беше прогласено „Žilavka Bela Voda 2022“.

**„SuperWine“ во Црна Гора**

Десеттото јубилејно издание на „SuperWine“ се одржа на 3 јули 2023 година во луксузната марина Порто Монтенегро во Црна Гора. Винарската визба „Тиквеш“ беше меѓу реномираните винарници што зедоа учество во овој софистициран вински настан, претставувајќи ѝ ги своите премиум вина на публиката, која имаше ексклузивна можност да ужива во богатата музичка и гастрономска програма.

## ПРИСУСТВО НА НАСТАНИ ВО С. МАКЕДОНИЈА

**„ВиноСкоп 2023“ во Скопје**

Винарската визба „Тиквеш" беше дел од 13-тото издание на „ВиноСкоп 2023", фестивал на виното чија примарна цел е подигнување на винската култура во земјава. Настанот се одржа од 11 до 14 октомври пред С. Ц. Борис Трајковски, каде што покрај Винарската визба „Тиквеш", која ги претстави своите висококвалитетни вина, учествуваа повеќе од 40 винарници. Акцент на промоцијата на овој настан Винарската визба „Тиквеш" стави на одбележувањето на 50-годишнината на „Т'га за југ". Настанот го одбележа и вкусната храна и деликатеси, како и богатата музичка програма.

**„Винодонија 2023" во Скопје**

Љубителите на виното имаа одлична можност да уживаат во богатите вкусови на вината на Винарската визба „Тиквеш" за време на седмото издание на Скопскиот вински салон – „Винодонија 2023", кој се одржа во првата половина на декември во х. „Мериот". Присутните имаа единствена можност да ја вкусат широката палета на вината на Винарската визба „Тиквеш", создадени за да овозможат неповторливи искуства.

**„Питијада 2023" во Велес**

ВВ „Тиквеш" беше дел од велешката „Питијада" и истовремено беа реализирани активности во повеќе клучни објекти во градот со намалени цени на одредени вина од линиите „Alexandria", „Luda Mara" и „Alexandria Cuvée".

**„Пастрмајлијада 2023" во Штип**

Посетителите на оваа манифестација во Штип имаа можност да уживаат во вкусна пастрмајлија и во вината на ВВ „Тиквеш", како и да бидат дел од промоциите организирани во соработка со угостителските објекти.

**Тиквешки гроздобер во Кавадарци**

Традиционално, како и секоја година, ВВ „Тиквеш" учествуваше на Тиквешкиот гроздобер, овозможувајќи многубројните посетители на овој атрактивен настан во Кавадарци да ги пробаат вината од брендовите „Luda Mara" и „Alexandria Cuvée" по промотивни цени во селектирани угостителски објекти, како и поддржувајќи повеќе локални манифестации организирани во рамките на Тиквешкиот гроздобер.

Меѓу поважните настани на кои ВВ „Тиквеш" ги претстави своите висококвалитетни производи беа и **„Октоберфест" во Скопје, „Пивофест" во Прилеп** и **„Охридскиот вински фестивал"**.

## СПОНЗОРИРАНИ НАСТАНИ И ПРОЕКТИ

Винарската визба „Тиквеш" е нераскинливо поврзана со македонската традиција и култура и редовно обезбедува поддршка на најзначајните културно-уметнички институции и манифестации, овозможувајќи промоција на нашето богато културно-уметничко наследство и

обезбедувајќи нивен понатамошен развој и континуитет на постоење. Ваквата поддршка е во согласност со општествено одговорните практики на винарницата и определбата за придонес кон заедницата во која дејствува.



**Фестивал „Браќа Манаки“**

Винарската визба „Тиквеш“ традиционално и во 2023 година го поддржа Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“, обидувајќи се на овој начин да даде придонес за градењето на македонската современа култура.

Оваа година, лауреатите и учесниците на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ имаа можност да уживаат во врвните вина на „Тиквеш“ при посетата на винарската визба во Кавадарци. Тие се запознаа со долгата и богата винска историја на регионот и на винарницата, а накусо имаа можност да видат и дел од магијата на создавање врвно вино. Искусниот тим од „Тиквеш“ ги водеше низ автентичните вински вкусови преку дегустација на нашите тероар вина.

**Струшки вечери на поезијата**

Соработката на „Тиквеш“ и меѓународниот поетски фестивал со светско реноме, Струшки вечери на поезијата, продолжи и во 2023 година, кога се одбележуваа 50 години од создавањето на виното „Т'га за југ“. Во чест на овој јубилеј, поетите ја рецитираа песната „Т'га за југ“ на сите странски јазици на кои е преведена.

ВВ „Тиквеш“ и Струшките вечери на поезијата ќе продолжат да ја негуваат македонската култура и традиција, инспирирајќи нови генерации поети и љубители на виното.

**Охридско лето**

Винарската визба „Тиквеш“ и во 2023 година со гордост го поддржа 63-то издание на Охридско лето, кое донесе одлична музичка и театарска програма. Публиката имаше можност да проследи повеќе изведби што ги истакнаа културниот и духовниот континуитет на фестивалот, чие отворање го обележа настапот на оперската дива, сопранистката Ангела Георгиу, придружувана од Оркестарот на НОБ.

Посетителите уживаа во изведбите на врвни домашни и светски уметнички имиња во прекрасниот амбиент на грандиозниот Антички театар, црквата „Света Софија“ и Долни Сарај – една од најубавите сцени во градот, како и во вкусот на автентичните вина на „Тиквеш“.

**Скопски џез-фестивал и Оф-фест 2023**

На 42-то издание на Скопскиот џез-фестивал, кое се одржа од 19 до 22 октомври 2023 година, за првпат пред публиката беа промовирани новите вина „Vršnik“ креирани во соработка со „Винарија Попов“, произведени од грозје одгледано на истоимената локација.

Како традиционален поддржувач на овој фестивал со извонредна репутација во Европа и во светот, ВВ „Тиквеш“ обезбеди вино со специјална етикета изработена за фестивалот. За време на настанот, освен што уживаа во изведбите на одлични џез-музичари, посетителите имаа можност да го следат процесот на создавање уметнички креации исцртани на чаши за вино и споделуваа фотографии од нив на социјалните мрежи, со цел како подарок да добијат една од овие персонализирани чаши за вино.




**Новогодишен гала-концерт на Македонската филхармонија**

Како верен поддржувач на културата, ВВ „Тиквеш“ ја заокружи 2023 година со поддршка на еден од најпосетените и најценети настани во земјава, Новогодишниот гала-концерт на Македонската филхармонија. Преку безвременските симфонии и композиции што ја пленат душата, ВВ „Тиквеш“ уште еднаш беше дел од новогодишната магија што само музиката има моќ да ја создаде.

**ВВ „Тиквеш“ – партнер на седмата сезона на „Преспав“**

ВВ „Тиквеш“ ја поддржа седмата сезона на култната серија „Преспав“, која започна со емитување во декември. Станува збор за забавен производ со информативен и едукативен карактер и елементи на магичен реализам во режија на Игор Иванов, а по сценарио на Елеонора Венинова и Сашо Кокаланов. Ги поврзавме култните вина и ракијата, кои се наследство во портфолиото на „Тиквеш“, и серијата, која е позната по својата ведра содржина и интересни заплети што мамат насмевки кај гледачите. Со оваа поддршка, ВВ „Тиквеш“ уште еднаш ја покажа својата посветеност на општествената одговорност и поддршка на заедницата во која дејствува.

**ВВ „Тиквеш“ на Самитот за вештачка интелигенција**

Како лидер во регионот за воведување и користење дигитални решенија и вештачка интелигенција во лозарството, ВВ „Тиквеш“ имаше можност да ги сподели своите искуства пред експертите од областа и да ги презентира придобивките за винската индустрија. На „AI Tech Summit“, самитот што се одржа во Скопје на 29 и 30 септември 2023 година, меѓу говорниците се вброија и Џовани Бигот, консултант на ВВ „Тиквеш“ и основач на „Перлеуве“ (Perleuve), и Александра Ристова, раководител на Одделот за управување со лозови насади во ВВ „Тиквеш“. Тие ја претставија примената на иновативни дигитални методи и вештачка интелигенција во производството на висококвалитетно грозје во ВВ „Тиквеш“, обезбедувајќи значителни

информации за сите учесници во винската индустрија што ќе одлучат да го следат примерот на ВВ „Тиквеш“ и да го унапредат своето работење со примена на дигитални решенија засновани врз вештачка интелигенција.

## НАСТАНИ НА „ТИКВЕШ“

### Традиционално закројување во чест на Св. Трифун 2023

Во рамките на традиционалното одбележување на Свети Трифун, празникот на лозарите и винарите, ВВ „Тиквеш“ го претстави виното „Domaine Lepovo Chardonnay“ од бербата 2021 – првото наше вино од сертифицирано органско грозје и најави дека почнувајќи од бербата 2021, сите останати вина од поседот Лепово ќе бидат произведени од органско грозје.

Органското производство на поседот Лепово е резултат на определбата на „Тиквеш“ да ги следи најсовремените светски трендови во одгледување грозје и производство на вино, а истовремено претставува и интегрален дел од стратегијата и активностите за одржлив развој и зелена трансформација на винарницата.

### Фестивал на младо вино 2023

Винарската визба „Тиквеш“ традиционално го организираше Фестивалот на младо вино, кој на 18 и 19 ноември по 14-ти пат се одржа во винарницата во Кавадарци. На овој престижен настан присуствуваа голем број јавни личности, претставници на бизнис-заедницата, соработници и партнери на „Тиквеш“ од земјата и од странство. Гостите имаа можност да ја дегустираат селекцијата на млади вина од новата берба.

Покрај тоа што уживаа во младите вина, посетителите на фестивалот се забавуваа и со музичките изведби на „Ringtones“, интернационалната група „Barcelona Gipsy Balkan Orchestra“ и со настапите на нашите познати дицеи Гоце и Чваре. На првиот ден од фестивалот настапија и претставници од музичкото училиште „Ентерпрајз“.



Не изостана ниту хуманитарниот карактер на фестивалот, а присутните имаа можност да донираат за СОС Детско село и за музичкото училиште „Ентерпрајз“ предводено од Валентино Скендеровски.

### Дипломатски гроздобер

Специјалниот настан за членовите на дипломатскиот кор во земјава во 2023 година се

одржа на лозовите насади во Лепово. Присутните го искусија процесот на берење грозје и имаа можност да дадат свој придонес во создавањето на врвните вина на ВВ „Тиквеш".

Винарската визба „Тиквеш" традиционално го организира овој настан со цел да го претстави македонското вино и исклучителните карактеристики на поднебјето за производство на врвни вина.

**Крводарителска акција**

Винарската визба „Тиквеш" во соработка со Црвениот крст организираше крводарителска акција на која беа собрани 22 единици крв. Оваа иницијатива ја истакнува посветеноста на општествената одговорност на ВВ „Тиквеш" и ја нагласува моќта на единството во креирањето позитивно влијание во заедницата.



## ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНОВАЦИИ И ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА

### Соработка со врвни експерти за имплементација на најсовремени практики во лозарството

Во согласност со стратегијата за имплементација на ESG-стандардите до 2024 година и поставување на македонското вино на светската винска мапа, ВВ „Тиквеш" започна соработка со една од најреномираните светски консултантски компании во областа на лозарството – „Перлеуве" (Perleuve) од Италија.

Оваа позната компанија е предводена од Џовани Бигот (Giovanni Bigot), водечки светски истражувач и промотор на иновации во лозарството, кој истовремено е и консултант за најдобрите винарници во Италија и во други земји.

Во рамките на оваа соработка, која ќе се одвива во следните пет години, а е поддржана од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), експертскиот тим на „Перлеуве", предводен од

Бигот, ќе врши опсервации и со тимот на ВВ „Тиквеш“ ќе ги сподели најсовремените практики за производство на здраво, висококвалитетно грозје од кое се произведуваат врвни вина.

**Инвестиција во нови енергетски ефикасни простории**

Винарската визба „Тиквеш“, како лидер на винскиот пазар во земјава, продолжи со својата стратегија за континуирани инвестиции во одржлив развој и имплементација на ESG-стандардите. Во рамките на овој процес, кој се одвива во сите сегменти од работењето на компанијата, ВВ „Тиквеш“ ги отвори новите деловни простории во Кавадарци.

Деловниот простор во Кавадарци е уникатен по својата функционалност и архитектонски изглед, но и според постулатите за одржливост што се вградени во овој објект. Во текот на изградбата се користени еколошки и одржливи материјали и целосно се имплементирани принципите за енергетска ефикасност што обезбедуваат заштеда на енергија. Дизајнот на просторот овозможува пространост и удобност, како и максимално користење на дневната светлина, со што се штеди енергија. Покрај тоа, инсталираниот централен систем за климатизација и вентилација е базиран врз обновлива енергија, односно голем дел од енергијата што ја користи е од фотонапонска централа.

Новиот деловен простор обезбедува подобри работни услови за вработените и е адаптиран на нивните потреби особено во поглед на здравјето и благосостојбата на вработените, при што е користен ергономски ентериер и предвидени се простории за пауза и одмор.

**Партнерски однос со лозарите**

Во 2023 година, Винарската визба „Тиквеш“ заврши со исплатата на откупеното грозје од последната берба пред законски утврдениот рок, кој истекува на крајот на април.

Од индивидуалните производители и правни лица со кои соработува, ВВ „Тиквеш“ откупи 32,2 милиони килограми грозје, што претставува една третина од целокупните откупени количества во нашата земја. Исплатата на средствата за откупеното грозје, винарницата ја започна веднаш по завршувањето на бербата и, согласно законот, се одвиваше во три последователни транши.

За да се осигури квалитетно производство на грозје, ВВ „Тиквеш“ ги поддржува лозарите во текот на целата година. Континуираната соработка на винарницата со лозарите се остварува на различни начини, почнувајќи од стручни совети и едукација за примена на современи агротехнички методи и практики во процесот на одгледување и заштита на лозјата според светски стандарди, преку помош при обезбедување репроматеријали по поволни цени, па сѐ до обезбедување флексибилни начини на исплата на откупеното грозје во пократки рокови од законските.

**Инвестиции во нова модерна опрема**

Винарската визба „Тиквеш“ инвестираше четири милиони евра во изградба на нов објект и набавка на современа опрема за прием и преработка на грозје, потврдувајќи ја со тоа својата



долгорочна определба и стратегија за континуирани вложувања во натамошен одржлив развој и имплементација на ESG-стандардите. Со инвестицијата, ВВ „Тиквеш“ го зголеми вкупниот капацитет за прием и примарна преработка на грозје во време на берба за дополнителни 1,25 милиони килограми грозје за премиум вино.

Новата опрема овозможува висок степен на автоматизација и дигитализација на процесот, со што значително се зголемуваат ефикасноста и ефективноста при приемот и преработката на грозјето, а се остварува и заштеда на електрична енергија и се скратува времето на чекање на лозарите. Сето ова придонесува да се задржи квалитетот на грозјето, да се намали потрошувачката на енергенси во процесот на прием и преработка на грозје, како и да се намали емисијата на $CO_2$.

**Поддршка за спортот и тимскиот дух**




Учеството на Виз Ер Скопскиот маратон ја отсликува заложбата на целиот тим за создавање врвни вина, но и на работна средина во која поединците може да се развиваат и да напредуваат, затоа што само среќни и задоволни вработени може да создадат исклучителни вина.

Прикажувајќи ги својата издржливост и инспиративниот дух на заедништво, вработените во ВВ „Тиквеш“ гордо учествуваа на трката што се одржа на 1 октомври 2023 година. Овој настан за ВВ „Тиквеш“ ја симболизира посветеноста кон здравиот живот и добросостојбата на вработените, која е еден од клучните приоритети на компанијата и составен дел од културата што се негува во неа.

**Заложба за родова еднаквост**

Посветеноста на ВВ „Тиквеш“ кон надминување на родовата нееднаквост резултираше со поддршка на конференцијата „Женско лидерство – време е да се скрши ’стаклениот покрив‘ преку премостување на родовиот јаз“, која се одржа на 21 декември 2023 година во М6 Едукативниот центар.

На оваа конференција, секогаш актуелната тема за родова еднаквост беше третирана од поинаков аспект. Говорниците на настанот, меѓу кои мажи, жени и млади лица, имаа можност отворено да разговараат за негативните импликации на родовата нееднаквост врз економските и демографските движења и општеството во целина.

## ДИГИТАЛНИ МАРКЕТИНГ-АКТИВНОСТИ

Во чекор со трендовите на новата дигитална ера, изминативе години континуирано работиме на сè поголема употреба на дигитални алатки и социјални медиуми во секојдневните маркетинг и промотивни активности.

Освен официјалната веб-страница, активни сме и на социјалните мрежи Инстаграм, Фејсбук и Линкдин, преку кои се трудиме да ги информираме нашите потрошувачи за сите актуелности поврзани со компанијата, едукација за самите вина, нивното комбинирање со храна, соодветно послужување, споделување моменти и фотографии секаде каде што се присутни нашите вина, на настани, конференции и саеми.

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Квалитетот на вината на ВВ „Тиквеш" и во текот на 2023 година беше потврден со многубројни награди. Вината на ВВ „Тиквеш" учествуваа на најугледните светски вински натпревари, постигнувајќи извонреден успех. Беа освоени вкупно 114 награди и признанија, од кои 1 голем златен медал, 3 двојни златни медали, 28 златни, 39 сребрени, 28 бронзени и 4 специјални награди.

На пролетното издание на „Mundus Vini", еден од најголемите натпревари што се одржува на европско тло, највисоки оцени – златен медал и специјална награда „Најдобро црвено вино од Македонија" доби виното „Vranec Luda Mara 2020", додека, пак, златен медал освоија „Babuna red 2021", „Terrasse à l'Ombre 2020" и „Domaine Lepovo Grand Cuvée 2019". Летната дегустација на овој натпревар донесе нови високи награди, при што „Terrase au Soleil 2021" освои златен медал и специјална награда за „Најдобро вино од долината на Рона", а со злато беа наградени и „Domaine Lepovo Chardonnay 2022", „Barovo Red 2021" и „Bela Voda white 2022".

Високиот квалитет на вината на *Tikveš Châteaux & Domaines* беше препознаен и на реномираниот „Les Citadelles du Vin" во Франција, каде што „Domaine Lepovo Grand Cuvée 2019" освои голем златен медал, а „Terrasse à l'Ombre 2020" беше наградено со злато.

Со освоени 51 награда и признанија, нашите вина и во 2023 година постигнаа значителен успех на најпознатите вински натпревари што се одржуваат во Велика Британија – „International Wine Challenge", „International Wine Competition" и „Decanter World Wine Awards". Вината „Merak 2022" и „Vranec Luda Mara 2020" беа наградени со златен медал на „Decanter".

Исклучителен беше успехот постигнат во Кина на „China Wine & Spirits", каде што „Vranec Luda Mara 2020", „Temjanika Luda Mara 2022" и „Alexandria Cuvée red 2021" беа наградени со двојни златни медали, а златни медали освоија „T'ga za jug 2021" и „Alexandria Cuvée white 2022".

Успешен беше и настапот на натпреварите одржани во регионот. На „Balkans International Wine Competition" во Бугарија, 6 наши вина освоија златен медал, а на „Vranec Selection – Concours

Mondial de Bruxelles", кој се одржа во нашата земја, 3 вина на *Tikveš Châteaux & Domaines* освоија златни медали.

**Наградата за компанија со најголем раст**

Награда што го одбележа работењето на ВВ „Тиквеш" во 2023 година беше и наградата за компанија со најголем раст на извозот во регионот за 2022 година, која ја доделува Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан, во соработка со Европската комисија. ВВ „Тиквеш" е единствената македонска компанија што ја добива оваа престижна награда во споменатата категорија.

Од превземените ревизорски активности, утврдените состојби и факти врз основа на податоци по случаен избор постои разумно уверување дека работењето во Друштвото се одвива според законската регулатива.
Во поединечните ревизии каде беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за надминување на истите, кои беа предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.

**4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување**

Службата за Внатрешна ревизија редовно ги презентираше наодите и препораките во извештаите кои беа доставувани до Надзорниот Одбор на Друштвото. Исто така ревизијата ја следеше имплементацијата на предложените препораки.

Констатацијата до која дојде Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажува дека препораките се почитуваат и спроведуваат, а за мал дел имплементацијата е во тек, што значи нема негативни коментари или посериозни забелешки во поглед на наодите и препораките.

Исто така беше констатирано дека доставувањето на одговор за реализација на препораките предложени во текот на годината која измина е со незначително задоцнување.

**5.Останати активности на внатрешната ревизија**

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа релизирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и релизирање на дадените препораки во поединечните извештаи.

Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинари за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции.

**ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ**

**Внатрешна ревизија**

*Антонио Трајановски, дипл. Екон.*

**Одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

- **Предлог – одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 30.05.2024 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за усвојување на Извештајот за работата на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВААТ Извештајот за работата на Управниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година.

2. СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година, на секој посебно и на сите заедно и тоа:

   За Управниот одбор: Светозар Јаневски – Претседател и членовите Љупчо Крстевски, Џон Кирил Јоновски, Драган Тилев, Зоран Јовановски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ – Генерален директор (заклучно до 07.06.2023 година).

   За Надзорниот одбор: Зоран Мартиновски – Претседател, Тихомир Атанасовски – член, Христина Ружиновска – независен член, Миле Бундовски – независен член и Борче Илиоски - член.

3. Составен дел на Одлуката се Извештајот за работата на Управниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година.

4. Одлука стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0202-1251/7
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Управен одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седум) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови од кои 2 (два) се независни членови во Надзорниот одбор.

Во 2023 година членовите на Управниот одбор се: Светозар Јаневски – Претседател и членовите Љупчо Крстевски, Џон Кирил Јоновски, Драган Тилев, Зоран Јовановски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ – Генерален директор (заклучно до 07.06.2023 година).

Управниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година работеше на седници. Има одржано 18 седници на кои беа водени расправии и дискусии и беа донесени голем број одлуки и заклучоци за работењето на Друштвото и тоа:

1. **Седница 27.02.2023 година**

Т.1. Усвојување на резултати од пописот на имотот на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци со состојба на 31.12.2022 година;

Т.2. Донесување Одлука за продажба на трговска марка.

2. **Седница 01.03.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото и обезбедување со меница.

3. **Седница 02.03.2023 година**

Т.1. Усвојување на завршна сметка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци за 2022 година;

Т.2. Донесување Одлука за набавка преку финансиски лизинг на возила за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт- импорт АД Кавадарци;

Т.3. Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија – четврт квартал за 2022 година и Годишен план за ревизија за 2023 година на Службата за внатрешна ревизија.

4. **Седница 31.03.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото по основ Договор за пристапување кон долг и обезбедување со меница.

5. **Седница 31.03.2023 година**

Т.1. Разгледување и усвојување на Деловен план за работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2023 година;

Т.2. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото по основ Договор за пристапување кон долг и обезбедување со меница;

Т.3. Донесување Одлука за одобрување на кредитен лимит без банкарска гаранција;

Т.4. Донесување Одлука за одобрување Договор за деловна соработка;

Т.5. Донесување Одлука за набавка со купопродажба на возила за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт- импорт АД Кавадарци.

6. **Седница 24.04.2023 година**

Т.1. Разгледување на материјалите за работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ за 2022 година и тоа:

1.1. Годишен Извештај за остварените резултати од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2022 година и Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, за 2022 година,

1.2. Извештај од извршена контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ-АД Кавадарци за 2022 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2022 година,

1.3. Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2022 година,

1.4. Извештај за работата на Управниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД-Кавадарци, за 2022 година;

Т.2. Одлука за предлог Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ за 2023 година;

Т.3. Закажување Годишно Собрание на акционерите на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци со утврдување на Дневен ред за работа на Годишното Собрание;

Т.4. Донесување Одлука за усвојување на Прашалникот за Кодекс на корпоративно управување.

**7. Седница 28.04.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за усвојување на Прашалникот за Кодекс на корпоративно управување;

Т.2. Донесување Одлука за одобрување на кредитен лимит без банкарска гаранција;

Т.3. Донесување Одлука за одобрување инвестиција на нов објект;

Т.4. Донесување Одлука за одобрување на деловна соработка.

**8. Седница 31.05.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за одобрување на склучување Договор за одобрување на рамковен револвинг -лимит

**9. Седница 08.06.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука.

**10. Седница 26.06.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за набавка на наливно вино;

Т.2. Донесување Одлука за купопродажба на имот;

Т.3. Донесување Одлука за продажба на колска вага;

Т.4. Донесување Одлука за одобрување на кредитен лимит без банкарска гаранција.

**11. Седница 18.07.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото по основ на меници.

**12. Седница 07.08.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за утврдување на цени на производи од асортиманот на ВВ Тиквеш АД;

Т.2. Донесување Одлука за пристапување кон долг;

Т.3. Донесување Одлука за расходување на основни средства на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци.

**13. Седница 11.09.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото по основ на меници;

Т.2. Донесување Одлука за усвојување на „Систематизација на работни места" на ВВ Тиквеш АД Кавадарци;

Т.3. Донесување Одлука за доделување награда за посебно извршени работи – берба 2022 година;

Т.4. Донесување Одлука за набавка на опрема.

**14. Седница 19.10.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за утврдување на цени на производи од асортиманот на ВВ Тиквеш АД;

Т.2. Донесување Одлука за склучување Договор за деловна соработка;

Т.3. Донесување Одлука за одобрување на кредитен лимит без банкарска гаранција;

Т.4. Донесување Одлука за набавка преку финансиски лизинг на моторни возила за потребите на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт- импорт АД Кавадарци;

Т.5. Донесување Одлука за усвојување на Извештај за работење за период трет квартал 2023 година н полугодишниот Извештај за 2023 година;

Т.6. Донесување Одлука за основање на подружница.

**15. Седница 14.12.2023 година**

Т.1. Разгледување и усвојување на календар и годишен план за 2024 година на Службата за внатрешна ревизија;

Т.2. Донесување на Комерцијална политика на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци за 2023 година за пазарот во Република Северна Македонија;

Т.3 Донесување Одлуки за попис на средствата и обврските и формирање на комисии за пописи со состојба на 31.12.2023 година;

Т.4. Донесување Одлука за задолжување на друштвото по основ на Договори за пристапување кон долг и обезбедување со меници;

Т.5. Донесување Одлука за одобрување исплата на регрес за годишен одмор за 2023 година;

Т.6. Донесување Одлука за купување на недвижен имот.

**16. Седница 29.12.2023 година**

Т.1. Донесување одлука за застапување на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци.

**17. Седница 29.12.2023 година**

Т.1. Донесување одлука за задолжување на Друштвото по основ на меници.

**18. Седница 29.12.2023 година**

Т.1. Разгледување и усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за четврт квартал за 2023 година;

Т.2. Донесување Одлука за престанок на работен однос од деловни причини;

Т.3. Донесување Одлука за исплата на паричен надомест за наградите Тиквеш ѕвезди за 2023 година;

Т.4. Донесување Одлука за одобрување на еднократна исплата на средства;

Т.5. Донесување Одлука за склучување на договор за услуги.

**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**
**Претседател на Управен Одбор**
**Светозар Јаневски**

Акционерско друштво за производство и промет на
вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203-1252/8
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Надзорен одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седум) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови од кои 2 (два) се независни членови во Надзорниот одбор.

Во 2023 година членови на Надзорниот одбор се: Зоран Мартиновски – Претседател, Тихомир Атанасовски – член, Христина Ружиновска – независен член, Миле Бундовски – независен член и Борче Илиоски - член.

Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година работеше на седници. Во 2023 година има одржано 7 седници на кои беа водени низа дискусии, донесени одлуки и заклучоци за работењето на Друштвото и тоа:

1. **Седница 01.03.2023 година**

Т.1. Донесување Одлуки за одобрување на зделка со заинтересирана страна;

Т.2. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото и обезбедување со меница

Т.3. Донесување Одлука за согласност на донесена Одлука на Управен одбор бр.0202-348/2 од 27.02.2023 година

2. **Седница 03.04.2023 година**

Т.1. Разгледување и усвојување на резултати од пописот со состојба на ден 31.12.2022 година;

Т.2. Разгледување и одобрување на завршна сметка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци за 2022 година;

Т.3. Разгледување и одобрување на Деловниот план за работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2023 година;

Т.4.Донесување Одлука за задолжување на Друштвото по основ на Договор за пристапување кон долг и обезбедување со меница;

Т.5. Донесување Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна;

Т.6. Донесување Одлука за избор на соработник во оддел внатрешна ревизија во Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт - импорт АД – Кавадарци;

Т.7. Формирање на комитет за ESG стандарди на ниво на Надзорен одбор.

3. **Седница 24.04.2023 година**

Т.1. Разгледување на материјалите за работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД-КАВАДАРЦИ за 2022 година и тоа:

1.1. Годишен Извештај за остварените резултати од работење на ВВ ТИКВЕШ АД-КАВАДАРЦИ во 2022 и Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, за 2022 година,

1.2. Извештај од извршена контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2022 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2022 година,

1.3. Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2022 година,

1.4. Извештај за работата на Управниот одбор и Надзорниот одбор ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за 2022 година;

Т.2. Одлука за предлог Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД,-КАВАДАРЦИ за 2023 година;

Т.3. Прифаќање Извештаи и Предлог одлуки за работење на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД експорт-импорт Кавадарци во 2022 година што ќе бидат предложени за усвојување на Годишното собрание на акционерите закажано за 29.05.2023 година и Допис од надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци до Собранието на Акционери.

4. **Седница 07.06.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за констатирање престанок и отповикување на член на Управниот одбор и Генерален директор на Винарска визба ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци.

Т.2. Донесување Одлука за одобрување на еднократен надомест – награда и отстапување на средства на Генерален директор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци.

Т.3. Донесување Одлука за одобрување на склучување на анекс кон Договорот за вработување на внатрешен ревизор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци.

5. **Седница 14.07.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за определување на надомет на член на Управен одбор на ВВ ТИКВЕШ АД.

6. **Седница 03.10.2023 година**

Т.1. Донесување Одлука за задолжување на Друштвото по основ на меници,

Т.2. Донесување Одлка за одобрување зделка со заинтересирана страна.

7. **Седница 21.12.2023 година**

Т.1. Разгледување и усвојување на календар и годишен план за 2024 година на Службата за внатрешна ревизија

Т.2. Донесување Одлука за задолжување на друштвото по основ на Договори за пристапување кон долг и обезбедување со меници

Т.3 Избор на нов член на Управен одбор на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци

**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**
**Претседател на Надзорен Одбор**
**Зоран Мартиновски**

ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ
Кавадарци

**Одлука за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница**

❖ **Предлог – одлука за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница**

Врз основа на член 31 од Статутот – пречистен текст 2020 година на **Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци со ЕМБС 5275890 (Во понатамошен текст друштвото) и член 456 од Законот за трговски друштва, Собранието на седницата одржана на ден 30.05.2024 година** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница**

1. Се дава согласност за задолжување на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци врз основа на Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на износ од ЕУР. 20.000.000,00 со рок на важност 10 години, склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје како доверител и Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци како корисник на кредит-должник, како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ, како и оние поединечни договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, кои се сметаат за составен дел на Договорот за РРКЛ, под услови и рокови утврдени во поединечните договори;

2. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на Договорот за рамковен револвинг кредит лимит цитиран во точка 1 од оваа Одлука, Друштвото да воспостави залог врз следниот недвижен и подвижен имот и тоа:

- **Залог на недвижен имот – Комплекс за производство и складирање на алкохолни пијалоци „Винаска визба ТИКВЕШ" на ул.„Индустриска" бб Кавадарци на КП 11230/1 со вкупна површина од 44.072 м$^2$ и земјиште под и околу објект на КП 11230/1, КП16460/3, КП 16460/4, КП 16521/2, КП 16528/3, КП 11230/1 со вкупна површина од 95.379 м$^2$ евидентирани во Имотен лист бр.15684 КО Кавадарци како и залог врз деловната опрема која се наоѓа во Комплексот за производство и складирање на алкохолни пијалоци „Винаска визба ТИКВЕШ" на ул.„Индустриска" бб Кавадарци**

- **Залог на недвижен имот – дел од деловен комплекс на ул.Индустриска б.б. Кавадарци, на КП 11230/3, зграда бр.8,12,13, влез 1, кат ПР, со вкупна површина од 848 м2евидентирани во Имотен лист бр.12251 КО Кавадарци,**

- **Залог на подвижни предмети - Залиха на наливно вино (примарна преработка) во вкупна количина од 2.810.327 л и залиха на наливно вино (финализација) во вкупна - количина од 448.930 литри детално наведена по тип на залиха и количина во Проценка бр. П VI 65/2024 од**

**08.04.2024 година, изработена од страна на ЗАВОД ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ДООЕЛ-Скопје.**

3. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на Договорот за РРКЛ цитиран во точката 1 од оваа Одлука, Друштвото да издаде 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава-согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата без протест, уредени со нотарски акт и клаузула за извршност-акцептирани и трасирани од Друштвото Корисник.

4. Се овластуваат Генералниот директор со неограничени овластувања и/или Претседателот на Управен одбор со неограничени овластувања на Друштвото ВВ-ТИВЕШ АД-Кавадарци, како овластени лица за застапување **заеднички или со самостоен потпис на било кој од двете овластени лица за застапување** самостојно или преку ополномоштено лице во име и за сметка на Друштвото да ги склучат и потпишат Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, заведен на износ од ЕУР. 20.000.000,00, поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорот како и анексите кон договорите со кои поединечните договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, да го склучат и потврдат пред нотар Договорот за залог врз недвижен имот со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, Договорот за залог врз подвижни предмети со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, да го потпише Нотарскиот акт за меници со својство на извршност акцептирани и трасирани од Друштвото Корисник кое гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките, како и сета останата документација потребна за предметната правна работа за пред надлежен нотар.

Потпишаниот Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право со Банката од страна на било кој од двете овластени лица се правно обврзувачки за Друштвото.

5. Оваа Одлука е донесена согласно правилата за одобрување на голема зделка предвидена во Законот за трговски друштва.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

02-140-___/2 / __.__.2024

**Д О Г О В О Р**
**за рамковен револвинг кредит-лимит**
**врз основа на заложно право**

Склучен во Скопје на ден __.__.2024 помеѓу:

1. **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ** (во натамошен текст: Банка), застапувана од Елена Спировска, Директор на Дирекција на дирекција за кредитирање на агроиндустриски комплекс и Мирјана Тошевска-Белеска, Самостоен стручен соработник за односи со клиенти, од една страна, и

2. **Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**, (во натамошен текст: Корисник на кредитот) застапувано од Бранка Славеска - Генерален директор, од друга страна

**Предмет на Договорот и општи одредби**

Член 1

Овој Договор се склучува врз основа на Одлуката за утврдување на рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, донесена од страна на Одборот за управување со ризици на Банката, на својата редовна седница одржана на ден __.__.2024 година.

Член 2

Банката на Корисникот му утврдува рамковен револвинг кредит-лимит во износ до:

**ЕУР. 20.000.000,00**

(со букви:дваесетмилиониевра)

Во рамките на утврдениот лимит од претходниот став, Банката на Корисникот ќе му одобрува кредити, отвора акредитиви, издава гаранции, ќе одобрува кредитни лимити што ќе се користат преку кредитни картички, ќе склучува договори за пристапување кон долг, договори за консолидација на побарувања, договори за реструктуирање на побарување, како и договори за други банкарски услуги, под услови предвидени со овој Договор, како и со посебните договори склучени врз основа на овој Договор.

Во рамките на утврдениот лимит со овој Договор, договорните страни се согласни во секое време да се вклучуваат и да се обезбедуваат и договори кои се склучени пред денот на склучување на овој Договор, и тоа договори за одобрени кредити, издадени гаранции, договори за пристапување кон долг, договори за консолидација на побарувања, договори за реструктуирање на побарување, одобрени кредитни лимити преку кредитни картички, други кредитни изложености и договори за други банкарски услуги, а по оценка на Банката.

Член 3

Банката на Корисникот ќе му одобрува кредити, отвора акредитиви, издава гаранции, ќе одобрува кредитни лимити што ќе се користат преку кредитни картички, ќе склучува договори за пристапување кон долг, договори за консолидација на побарувања, договори за реструктуирање на побарување, ќе вклучува и договори кои се склучени пред денот на склучување на овој Договор и ќе склучува договори за други банкарски услуги до __.__.2034 година.

Роковите и условите на достасување на побарувањата обезбедени преку овој Договор за РРКЛ се определуваат во поединечните договори кои се склучуваат врз основа на овој Договор за РРКЛ, односно кои се дополнително вклучени во рамковниот револвинг кредит лимит и со тоа обезбедени преку овој Договор за РРКЛ.

Член 4

Кредитите, акредитивите, гаранциите, пристапувањето кон долг и другите банкарски услуги, Корисникот ќе ги користи сукцесивно, според потребите, повеќе пати до одобрениот износ и утврдениот рок, според можностите и оценка на Банката.

Член 5

За секое поединечно користење, врз основа на овој Договор ќе се склучуваат посебни договори и анекси кон договорите во кои поблиску ќе бидат утврдени условите на користењето, отплатата и роковите на достасување.

Поединечно склучените договори и анексите кон договорите претставуваат составен дел на овој Договор.

За договорите кои се склучени пред денот на склучување на овој Договор, одобрените кредити, издадените гаранции, договорите за пристапување кон долг, договори за консолидација на побарувања, договорите за реструктуирање на побарување, одобрените кредитни лимити преку кредитни картички и другите одобрени кредитни изложености, кои ќе се вклучат во рамките на утврдениот лимит со овој Договор, договорните страни ќе склучат анекс кон договорите.

За склучување на поединечен договор врз основа на овој Договор за РРКЛ, Корисникот треба да ги исполнува посебните услови за поединечните производи утврдени со интерните акти на Банката.

**Обезбедување**

Член 6

За обезбедување на побарувањата на Банката од овој Договор, Корисникот е должен да и достави/да воспостави во корист на Банката :

- **Залог на недвижен имот – Комплекс за производство и складирање на алкохолни пијалоци „Винаска визба ТИКВЕШ" на ул.„Индустриска" бб Кавадарци на КП 11230/1 со вкупна површина од 44.072 м$^2$ и земјиште под и околу објект на КП 11230/1, КП16460/3, КП 16460/4, КП 16521/2, КП 16528/3, КП 11230/1со вкупна површина од 95.379 м$^2$ евидентиран во Имотен лист бр.15684 КО Кавадарци,**

- **Залог на недвижен имот - Деловни простори на ул.Индустриска б.б. Кавадарци, на КП 11230/3, зграда бр.8, 12,13, влез 1, кат ПР, со вкупна површина од 848 м2 евидентиран во Имотен лист бр.12251 КО Кавадарци,**

- **Залог врз подвижен имот- деловна опрема која се наоѓа во Комплексот за производство и складирање на алкохолни пијалоци „Винаска визба ТИКВЕШ" на ул.„Индустриска" бб Кавадарци,**

- **Залог на подвижни предмети - Залиха на наливно вино (примарна преработка) во вкупна количина од 2.810.327 л и залиха на наливно вино (финализација) во вкупна - количина од 448.930 литри , детално наведена по тип на залиха и количина во Проценка бр. П VI 65/2024 од 08.04.2024 година, изработена од страна на ЗАВОД ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ДООЕЛ-Скопје.**

-

- **3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава – согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, уредени со Нотарски акт и клаузула за извршност – акцептирани и трасирани од Друштвото Корисник;**

Корисникот изрично се согласува заради обезбедување на побарувањата на Банката по основ на овој Договор да се заснова заложно право врз погорецитираниот имот, во корист на Банката за максимален износ на побарување кое претставува збир од главното побарување во износ од 20.000.000,00 ЕУР, зголемено за износот на споредните побарувања: редовната камата и сите трошоци предвидени во овој Договор, амортизационите планови и поединечните договори, казнената камата (законска и договорна), провизии, даноци, правни трошоци, вклучувајќи ги но не ограничувајќи се на сите трошоци што би можеле да произлезат во евентуална постапка за присилна наплата за целото времетраење на овој Договор, како и сите останати побарувања кои ќе произлезат од овој Договор, а согласно интерните акти на Банката.

Со обезбедувањето предвидено во став 1 од овој член, Банката има право да ги наплати побарувањата по основ на сите поединечни договори склучени врз основа на овој Договор, како и договорите кои се склучени пред денот на склучување на овој Договор, а се вклучени во овој Договор, согласно член 2, став 2 и 3 од овој Договор.

Член 7

Корисникот изрично се согласува, Банката да може непосредно врз основа на овој Договор да бара извршување врз заложениот имот, како и да ги активира инструментите за обезбедување по сопствена оценка, истовремено или поединечно по редослед што ќе го определи Банката, заради наплата на своите побарувања врз основа на овој Договор, астанати со поединечните договори склучени врз основа на овој Договор, или дополнително вклучени во рамковниот револвинг кредит лимит и обезбедени преку овој Договор, вклучувајќи ја и каматата и останатите споредни побарувања.

Корисникот изрично се согласува, покрај поведување на постапка на извршување/реализација на предметот на залог и активирање на инструментите за обезбедување, Банката да може да бара врз основа на овој Договор во смисла на извршна исправа, истовремено намирување на побарувањата по овој Договор и од целокупниот имот сопственост на Корисникот (парични средства од

сметките на Корисникот, подвижен и недвижен имот, права, побарување и сл.) во постапки за присилна наплата, согласно законската регулатива.

Член 8

Заложното право, воспоставено заради обезбедување на овој Договор, ќе трае се до целосно измирување на побарувањето на Банката по било која обврска на Корисникот настаната со поединечните договори склучени врз основа на овој Договор, како и на договорите кои се склучени пред денот на склучување на овој Договор, а кои се вклучени во овој Договор.

**Права и обврски на Договорните страни**

Член 9

Корисникот се обврзува до Банката да достави полиса за осигурување на заложениот имот винкулирана во корист на Банката најдоцна до денот на воспоставување на заложното право врз недвижниот и/или подвижниот имот. Корисникот се обврзува да обезбеди навремено и континуирано обновување на полисата за цело времетраење на залогот, односно до конечно измирување на обврските спрема Банката, и полисата заедно со винкулацијата да и ја предаде на Банката.

Доколку Корисникот не постапува во согласност со обврските од претходниот став, Банката го задржува правото да бара предвремена отплата на побарувањата кои произлегуваат од овој Договор.

Корисникот се обврзува да обезбеди овластување за Банката во име на сопственикот на заложениот имот да уплати премија за осигурување и да ја потпише винкулацијата на полисата во корист на Банката. Корисникот е согласен и ја овластува Банката за трошоците за полисата и винкулацијата да воспостави налог и да ги наплати од било која сметка на Корисникот во Банката или од некоја наредна уплата да го задржи потребниот износ за наплата на наведените трошоци.

Член 10

Сите трошоци и надоместоци во врска со воспоставувањето на заложно право, проценка на заложениот имот, осигурување на имотот над кој е воспоставено заложно право, бришење на заложното право, трошоците за достава на писмени опомени за достасани обврски, трошоците и надоместоците за сите согласности, изјави, потврди и други документи кои ги изготвува Банката на барање на Корисникот, како и сите трошоци кои ќе произлезат од постапка за присилна наплата на побарувањата на Банката, паѓаат на товар на Корисникот на кредитот. Со потпишување на овој Договор Корисникот на кредит е запознат и согласен дека висината на трошоците и надоместоците кои се наплатуваат од Банката согласно интерните акти се променливи и истите се објавени на веб страницата на Банката.

Член 11

Корисникот на кредит е согласен податоците за кредитот и состојбата на побарувањето обезбедено со заложениот имот, Банката да ги доставува на заложните и меничните должници, на нивно писмено барање, како и по сосствена оценка да им доставува податоци за состојбата на побарувањата и опомени за плаќање на достасаните побарувања обезбедени со заложениот имот.

Член 11-а

Корисникот е согласен податоците и состојбата на побарувањето по овој Договор, Банката да ги доставува на заинтересираните страни во случај на продажба на побарувањето на Банката кое произлегува од овој Договор.

Член 12

Корисникот е согласен Банката од извршените плаќања од Корисникот или трето лице кое плаќа по инструкции на Корисникот (во понатамошниот текст: уплатувач) заради намирување на обврски настанати по овој Договор да ги затвори обврските по рочност на нивното достасување, при што прво се отплатуваат трошоците, потоа каматите (казнени и договорни), и најпосле главнина и надоместоци.

Корисникот изрично е согласен, доколку Банката прими уплата од Корисникот или друг уплатувач, која не е доволна да се намират сите негови достасани обврски во Банката по основ на овој Договор, поединечните договори или било кој друг правен основ, Банката да ги распореди уплатите и да примени поинаков редослед на затворање на обврските исклучиво по сопствена оценка.

Двете договорни страни се согласни дека секоја евентуална изјава и намера на Корисникот за поинаков ред на затворање на обврските е без значење и затворањето на обврските извршено согласно став 1 и 2 од овој член ќе се почитува во сите случаи на исполнување, при што Банката нема обврска дополнително да го извести Корисникот или уплатувачот за применетиот редослед на на затворање на обврските.

Член 13

Банката во рамките на утврдениот РРКЛ може да одбие одобрување на кредит, гаранција, акредитив, пристапување кон долг или друг вид на кредитна изложеност, доколку:

- Корисникот не ги исполнува потребните услови и критериуми за одделните видови на производи, согласно интерните акти на Банката;
- Корисникот стане кредитно неспособен според критериумите на Банката;
- Средствата што се водат како депозит по видување кај Банката, Корисникот ги пренесе кај друга банка, делумно или целосно;
- Банката при контрола на поединечно одобрените кредити, отворени акредитиви, издадени гаранции или одобрени други изложености утврди дека истите се одобрени спротивно на деловната и кредитната политика на Банката, односно Банката била доведена во заблуда при нивното одобрување или пак се констатира ненаменско користење на истите;
- Корисникот доставил неточни информации за неговата финансиска состојба, или премолчил информации кои, доколку на Банката и биле познати, би влијаеле да одлучи поинаку;
- Спрема Корисникот е отворена постапка за стечај или ликвидација или е извршена блокада на сметка со решение за присилна наплата;
- Вредноста на заложениот имот се намалила или Корисникот го оттуѓи во целост или дел без претходна согласност на Банката;
- Корисникот има неизмирени обврски по било кој основ кај Банката или кај други доверители;
- Не ја исполни обврската предвидена во член 6-а
- Корисникот не обезбеди полиса за осигурување на заложениот имот и винкулирана во корист на Банката или навремено не ја обновува полисата;
- Не ги исполнува условите од Договорот, односно ги прекршува договорните обврски преземени со овој Договор и поединечните договори.

Покрај условите од претходниот став на овој член, Банката го задржува правото во секое време, по сопствена проценка да одбие одобрување на кредит, издавање на гаранција, одобрување на кредитен лимит или друг вид на кредитна изложеност.

**Завршни одредби**

Член 14

Корисникот и Банката се согласни овој Договор да произведе правно дејство по склучување на Договорот за залог и запишување на заложното право во соодветната јавна книга во корист на Банката.

Член 15

За се што не е предвидено со овој Договор важат законските прописи и интерните акти на Банката.

Член 16

Во случај на спор по овој Договор, надлежен е стварно и месно надлежниот суд за Банката.

Член 17

Овој Договор е составен во 15 (петнаесет) еднакви примероци од кои 3 (три) за Банката, 1( еден) за Корисникот и останатите за Нотарот.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

**КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**

**Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година**

❖ **Предлог – одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 30.05.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година

1. За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година се назначува и избира ревизорската куќа ______________________________________________.

2. Се овластува Генералниот директор на друштвото со ревизорската куќа определена од Собранието да склучи договор за извршување на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука

3. Одлука стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**Дополнителни материјали за годишното собрание**

**- Одлуки од Надзорен Одбор и Управен Одбор**

ДО
СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ
НА ВВ – ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203-1252/11
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Почитувани,

Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци, по повод Собранието на акционер закажано за 30.05.2024 година со овој допис сака да ги извести акционерите на Друштвото дека на седница на Надзорниот одбор на 29.04.2024 година, ги разгледа и усвои Годишниот извештај за остварените резултати од работење на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година, Извештајот од извршена контрола на годишната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2023 година, Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година, Извештајот за работата на Управниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

На истата седница Надзорниот одбор донесе Одлука за прифаќање на Извештаи и Предлог одлуки за работењето на ВВ – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2023 година што ќе бидат предложени за разгледување и усвојување на Годишното собрание на акционерите.

- Одлука за усвојување на годишната сметка и за резултатите во работењето на ВВ – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2023 година,
- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година,
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година,
- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година,
- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година,
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци,
- Одлука за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница
- Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година.

**Надзорниот одбор предлага Собранието на акционери на Друштвото на 30.05.2024 година, ДА ГИ РАЗГЛЕДА ДА РАСПРАВА И ДА ГИ УСВОИ ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ.**

**ВВ – ТИКВЕШ АД – Кавадарци**
**Претседател на Надзорен одбор**
**Зоран Мартиновски**

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203-1252/2
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 50, 53 и 55 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Надзорниот Одбор на седница одржана на ден 29.04.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година.
2. Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година е прилог и составен дел на оваа Одлука.
3. Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година се поднесува за разгледување и одлучување до Собранието на акционерското друштво.
4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Надзорен Одбор
Зоран Мартиновски

Врз основа на член 50, 53 и 55 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Надзорниот Одбор на седница одржана на ден 29.04.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203-1252/3
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

1. Распределба на добивката да се изврши според следното:

| ЕЛЕМЕНТИ | 2023 | |
|---|---|---|
| | Структура во % | ИЗНОС во денари |
| Остварена нето добивка | **100 %** | **269.251.453** |
| Добивка за реинвестирање | **100 %** | **269.251.453** |

2. Износ 269.251.453mденари распореден во добивка наменет за реинвестирање да се користи во 2024 година за вложувања во нови инвестиции

3. Предлогот за распределбата на добивката според елементите и показателите утврдени во одлуката се поднесуваат на разгледување и одлучување до Собранието на акционерското друштво.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Надзорен Одбор
Зоран Мартиновски

ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ
Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203 - 1252/4
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 50, 53 и 55 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Надзорниот Одбор на седница одржана на ден 29.04.2024 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот од контролата на годишната сметка на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година на годишната сметка и на резултатите во работењето на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци за 2023 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот од контролата на годишната сметка на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година на годишната сметка и на резултатите во работењето на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци за 2023 година.

3. Извештајот од контролата на годишната сметка на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година на годишната сметка и на резултатите во работењето на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци за 2023 година се поднесува за разгледување и одлучување до Собранието на акционерското друштво.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Надзорен Одбор
Зоран Мартиновски

ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203-1252/5
29.04. 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 50, 53 и 55 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Надзорниот Одбор на седница одржана на ден 29.04.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година.

3. Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година се поднесува за разгледување и одлучување до Собранието на акционерското друштво.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Надзорен Одбор
Зоран Мартиновски

ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ
експорт-импорт АД
Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет на
вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0203-1252/6
29.04 2024 год.
КАВАДАРЦИ

